ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

НОЕМВРИ 2019
NËNTOR 2019



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **-ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT **-BNJVL**



Почитувани,

Во месец ноември ЗЕЛС реализираше голем број настани за општините. Управниот одбор на почетокот на месецот ја одржа дванаесеттата седница. Пред присутните беше презентиран предлогот од работната група задолжена за утврдување на формално-правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација. Беше формирана Комисија за подготовка на нов стратегиски план на ЗЕЛС за 2021-2025 година. Се отвори дискусија за состојбите со долговите на јавните претпријатија во општинска сопственост; за предизвици со одржувањето и расчистувањето на регионалните патишта, а беа реафирмирани и одредени отворени прашања поврзани со донесување на нов Закон за постапување со бесправно изградени објекти. На оваа седница беше презентиран и концептот за настап на нашата земја на меѓународниот саем -„ДУБАИ- ЕКСПО 2020/21 година", при што беше понудено учество и на локалните власти. На оваа седница членовите на Управниот одбор го утврдија 5 декември, 2019 година, како датум кога во Скопје ќе се одржи петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС.

Градоначалнички, претседателки на општински совети и општински координаторки имаа можност да се запознаат со проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" што ЗЕЛС започна да го реализира оваа година. На овој состанок беше иницирано и формирањето на лоби група за родова еднаквост чиј целосен состав беше утврден на седницата на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Овој месец ЗЕЛС Тренинг центарот организираше низа обуки за советниците и инспекторите за животна средина, членови на Мрежата за животна средина при ЗЕЛС. Тие дискутираа за примената на новиот Закон за прекршоци во областа на животната средина, потоа беше претставен новиот Закон за инспекциски надзор што влегува на сила од 30 ноември, 2019 година, а овој месец, исто така тие имаа можност да ги слушнат искуствата за вршењето на инспекциски надзор во областа на загадување на воздухот на Синди Шафер, инженерка за животна средина во државната Агенција за заштита на животна средина на САД.

Оваа обука ЗЕЛС ја организираше во соработка со Амбасадата на САД во нашата земја. ЗЕЛС, во соработка со општините, а по барање на Министерството за информатичко општество, обезбеди услови за организирање на регионални презентации „Националниот портал на е-услуги". На средбите беше потенцирана и улогата на локалните власти за поддршката што треба да им ја дадат на граѓаните при нивното евидентирање во „Електронскиот централен регистер на население на Република Северна Македонија". Овој месец беше организирана и редовната Конференција за децентрализацијата и локалната власт -„Зајакнување на заедниците: нов моментум за децентрализацијата", на која претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, ги презентираше барањата на ЗЕЛС за унапредување на системот на локалната власт.

За сите овие и други настани, реализирани во месец ноември, ќе можете подетално да прочитате во овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në muajin nëntor, BNJVL-ja realizoi një numër të madh ngjarjesh për komunat. Bordi drejtues në fillim të muajit mbajti seancën e dymbëdhjetë. Para të pranishmëve u prezantua propozimi i grupit punues përgjegjës për përcaktimin e aspektit formal – juridik dhe përcaktimin e hapave të ardhshëm në procesin e decentralizimit. U formua Komisioni për përgatitjen e planit të ri strategjik të BNJVL-së 2021 – 2025. U hap diskutim për gjendjet me borxhet e ndërmarrjeve publike në pronësi të komunës; për sfidat me mirëmbajtjen dhe pastrimin e rrugëve rajonale, ndërsa u riafirmuan edhe çështje të caktuara të hapura të lidhura me miratimin e një Ligji të ri për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme. Në këtë seancë u prezantua edhe koncepti për pjesëmarrje të vendit tonë në panairin ndërkombëtar "DUBAI – EKSPO 2020/21", me ç'rast edhe autoritetet lokale morën ofertë për pjesëmarrje. Në këtë seancë, anëtarët e Bordit drejtues caktuan datën 5 dhjetor 2019, si datë kur në Shkup do të mbahet seanca e pestë e Kuvendit gjeneral të BNJVL-së.

Kryetare komunash, kryetare të këshillash komunalë dhe koordinatore komunale patën mundësi të informohen për Projektin "Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: forcimi i kapaciteteve komunale për politika të barazisë gjinore dhe buxhetimit të përgjegjshëm gjinor" që BNJVL-ja filloi ta zbatojë këtë vit. Në këtë takim u iniciua edhe formimi i një Grupi të lobimit për barazi gjinore, përbërja e tërësishme e të cilit u caktua në seancën e Bordit drejtues të BNJVL-së.

Këtë muaj, Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së organizoi një sërë trajnimesh për këshilltarët dhe inspektorët e ambientit jetësor, anëtarët e Rrjetit të ambientit jetësor të BNJVL-së. Ata diskutuan për zbatimin e Ligjit të ri për kundërvajtje në sferën e ambientit jetësor, pastaj u prezantua Ligji i ri për mbikëqyrje inspektuese që hyn në fuqi nga 30 nëntori 2019, e këtë muaj ata gjithashtu patën mundësi t'i dëgjojnë përvojat e Cynthia Schaferit për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese në sferën e ndotjes së ajrit, inxhiniere për ambient jetësor në Agjencinë shtetërore për mbrojtjen e ambientit jetësor të SHBA-së. Këtë trajnim BNJVL-ja e organizoi në bashkëpunim me Ambasadën e SHBA-së në vendin tonë.

BNJVL-ja në bashkëpunim me komunat, e në kërkesë të Ministrisë së Shoqërisë Informatike siguroi kushte për organizimin e prezantimeve rajonale "Portali nacional i e-shërbimeve". Në takimet u theksua edhe roli i autoriteteve lokale për përkrahjen që duhet t'ua japin qytetarëve gjatë evidentimit të tyre në "Regjistrin elektronik qendror të qytetarëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut". Këtë muaj u organizua edhe konferenca e rregullt për decentralizimin dhe pushtetin lokal "Përforcimi i bashkësive: moment i ri për decentralizimin" në të cilën kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov prezantoi kërkesat e BNJVL-së për avancimin e sistemit të pushtetit lokal.

Për këto dhe për ngjarje të tjera që janë realizuar në muajin nëntor do të mund të lexoni më hollësisht në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

## ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛКИ НА СОВЕТ И КООРДИНАТОРКИ НА КЕМ ДИСКУТИРАА ЗА СТРАТЕГИСКИТЕ НАСОКИ НА ЗЕЛС ВО ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" што ЗЕЛС започна да го реализира оваа година, беше презентиран пред неколку градоначалнички, претседателки на општински совети и општински координаторки, во рамките на дводневната обука што се организираше на 3 и 4 ноември, 2019 година во Струга. На овој настан беше иницирано формирање на Лоби група за родова еднаквост на ЗЕЛС, што претставува дел од Проектот, а е во насока на застапување на интересите на локалните родови политики пред централната власт.

На обуката присутните се запознаа со основните родови концепти, начинот на креирање на родови политики и воведувањето на родовото одговорно буџетирање во локалната власт. Беше посочено дека улогата на ЗЕЛС е мошне значајна за локалните власти и во оваа област, пред сè за обезбедување на обуки за јакнење на капацитетите на општините за креирање на родово одговорни политики, поддршка на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите и лобирање до централната власт за јакнење на улогата на локалната власт за воведување на родова перспектива. Исто така, ЗЕЛС ќе обезбеди и креирање и воведување на нови алатки и техники за родово разделени податоци во општините и развивање на унифицирани алатки за промоција на општинските активности за родова еднаквост преку општинските канали за информирање. Во таа насока, ЗЕЛС ќе ја унапреди електронската платформа за родово одговорно буџетирање www.rob.zels.org.mk, што ја креираше стручната служба на ЗЕЛС.

Реализацијата на Проект „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" ЗЕЛС го спроведува со поддршка на UN Women, како дел од Проектот „Унапредување на одговорните родови политики и буџети: кон транспарентно и инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија , поддржан од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) и Шведската меѓународна агенција за развој – СИДА.

## KRYETARE KOMUNASH, KRYETARE KËSHILLASH DHE KOORDINATORE TË KMB-SË DISKUTUAN PËR DREJTIMET STRATEGJIKE TË BNJVL-SË NË SFERËN E BARAZISË GJINORE

Projekti "Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: forcimi i kapaciteteve komunale për politika të barazisë gjinore dhe buxhetimit të përgjegjshëm gjinor" që BNJVL-ja filloi ta zbatojë këtë vit, u prezantua para disa kryetaresh të komunave, kryetaresh të këshillave komunalë dhe koordinatoresh komunale, në kuadër të trajnimit dyditor që u organizua më 3 dhe 4 nëntor 2019 në Strugë. Në këtë ngjarje u iniciua formimi i një Grupi të lobimit për barazi gjinore të BNJVL-së, që është pjesë e projektit dhe është në drejtim të përfaqësimit të interesave të politikave lokale gjinore para pushtetit qendror.

Në trajnim, të pranishmit u informuan për konceptet themelore gjinore, mënyrën e krijimit të politikave gjinore dhe aplikimin e buxhetimit të përgjegjshëm gjinor në pushtetin lokal. U theksua se roli i BNJVL-së është shumë i rëndësishëm për autoritetet lokale edhe në këtë sferë, para të gjithash për sigurimin e trajnimeve për forcimin e kapaciteteve të autoriteteve lokale për krijimin e politikave të përgjegjshme gjinore, mbështetjen e komisioneve për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve dhe lobimin te pushteti qendror për forcimin e rolit të pushtetit lokal për aplikimin e perspektivës gjinore. Gjithashtu, BNJVL-ja do të sigurojë edhe krijimin dhe aplikimin e veglave dhe teknikave të reja të të dhënave të ndara gjinore në komuna dhe zhvillimin e veglave të unifikuara për promovim të aktiviteteve komunale të barazisë gjinore përmes kanaleve komunale të informimit. Në këtë drejtim, BNJVL-ja do ta përmirësojë platformën elektronike të buxhetimit të përgjegjshëm gjinor www.rob.zels.org.mk, të cilën e krijoi shërbimi profesional i BNJVL-së.

Realizimin e projektit "Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: forcimi i kapaciteteve komunale për politika të barazisë gjinore dhe buxhetimit të përgjegjshëm gjinor" BNJVL-ja e zbaton me mbështetje të UN Women, si pjesë e projektit "Avancimi i politikave dhe buxheteve të përgjegjshme gjinore: drejt qeverisjes transparente, inkluzive dhe të përgjegjshme në Republikën e Maqedonisë së Veriut", të mbështetur nga Agjencia Zvicerane për Bashkëpunim dhe Zhvillim (SDC) dhe Agjencia Suedeze Ndërkombëtare për Zhvillim – SIDA.



## Правна и институционална основа за активности за родовата еднаквост во нашата земја

Нашата земја, заедно со сите членки на ООН, се обврза за имплементација на Пекиншката декларација и Платформа за акција од 1995 година. Овие документи претставуваа основа на меѓународната заедница за подобрување на статусот на жените и нивно јакнење во јавниот и приватниот живот. Со донесување на Светската декларација за жените во локалната самоуправа во 1988 година, локалните власти добија уникатна можност да допринесат во постигнување на светската цел –родова еднаквост. Се оди и чекор понапред со Европска повелбата за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот од 2006 година, која утврдува дека родовата еднаквост не е само човечко право, туку дека е и демократска вредност, која треба да се применува во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен. Досега 20 општини во нашата земја ја имаат усвоено Европската повелба, а се очекува оваа бројка континуирано да се зголемува. Стратешкиот ангажман за родова еднаквост на нашата земја за 2016-2019 година се состои во зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и еднаква економска независност; намалување на родовиот јазол во плати, заработка и пензија и на тој начин борба против сиромаштијата кај жените; промовирање на родова еднаквост меѓу мажите и жените во донесување на одлуки; борба против родово базираното насилство и заштита и поддршка на жртвите; промовирање на родова еднаквост и правата на жените низ светот.

Правната рамка на Република Северна Македонија за родова еднаквост се базира на: нашата земја е потписник на CEDAW; на Стратегијата за родова еднаквост за 2013-2020 година; на Законот за еднакви можности на мажите и жените; на Законот за спречување и заштита од дискриминација; на Стратегијата за родово одговорно буџетирање; на Родово одговорниот буџетски циклус. Во нашата земја формирани се: Собраниска комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите: Интер–ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности меѓу мажите и жените; Комисии за еднакви можности; координатори за еднакви можности; Комисија за заштита од дискриминација.





## Baza juridike dhe institucionale për aktivitete për barazi gjinore në vendin tonë

Maqedonia së bashku me të gjitha anëtare të OKB-së u obligua për implementim të Deklaratës së Pekinit dhe Platformës së veprimit të vitit 1995. Këto dokumente janë bazë e bashkësisë ndërkombëtare për përmirësimin e statusit të femrave dhe forcimin e tyre në jetën publike dhe private. Me miratimin e Deklaratës botërore të femrave në vetëqeverisjen lokale në vitin 1988, autoritetet lokale morën mundësinë unike për të kontribuuar në arritjen e objektivit botëror – barazi gjinore. Shkohet edhe një hap përpara me Hartën evropiane për barazinë gjinore të femrave dhe meshkujve në jetën lokale të vitit 2006, e cila cakton se barazia gjinore nuk është vetëm e drejtë e njeriut, por se është edhe vlerë demokratike, e cila duhet të zbatohet në të gjitha aspektet e jetës: aspektin politik, ekonomik, social dhe kulturor. Deri më tani, 20 komuna në vendin tonë kanë miratuar Hartën Evropiane, ndërsa pritet që ky numër të rritet vazhdimisht. Angazhimi strategjik i vendit tonë për barazi gjinore 2016 – 2019 përbëhet nga rritja e pjesëmarrjes së femrave në tregun e punës dhe pavarësia e barabartë ekonomike; zvogëlimi i hendekut gjinor për rroga, përfitim dhe pension dhe në këtë mënyrë lufta kundër varfërisë te femrat; promovimi i barazisë gjinore midis meshkujve dhe femrave në vendimmarrjen; lufta kundër dhunës së bazuar gjinore dhe mbrojtja dhe mbështetja e viktimave; promovimi i barazisë gjinore dhe të drejtave të femrave në mbarë botën.

Korniza ligjore e Republikës së Maqedonisë së Veriut për barazi gjinore bazohet në: vendi ynë është nënshkrues i CEDAW-it; i Strategjisë së barazisë gjinore 2013 – 2020; i Ligjit për mundësi të barabarta të meshkujve dhe femrave; i Ligjit për parandalim dhe mbrojtje nga diskriminimi; i Strategjisë së buxhetimit të përgjegjshëm gjinor; i Ciklit të përgjegjshëm gjinor buxhetor. Në vendin tonë janë formuar: Komisioni parlamentar për mundësi të barabarta midis femrave dhe meshkujve; Grupi ndër-sektorial konsultativ dhe këshillëdhënës për mundësi të barabarta midis meshkujve dhe femrave; komisione për mundësi të barabarta; koordinatorë për mundësi të barabarta; Komisioni për mbrojtje nga diskriminimi.





# УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ДИСКУТИРАШЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 6 ноември, 2019 година ја одржа дванаесеттата седница на која беа разгледани низа актуелни прашања поврзани со спроведување на надлежностите на локалните власти, како и со работењето на ЗЕЛС. На почетокот на седницата, присутните го разгледаа Предлог-буџетот на ЗЕЛС, Планот за работа на ЗЕЛС и Планот за јавни набавки, сите за 2020 година. Овие значајни документи за работењето на ЗЕЛС беа разгледани и едногласно усвоени од Управниот одбор. Истите документи ќе ги разгледува и Генералното собрание на ЗЕЛС на петтата седница, што Управниот одбор ја закажа за 5 декември, 2019 година, во Скопје. По писменото повлекување што го поднесе Теута Арифи, градоначалничка на Општина Тетово, од функцијата член во делегацијата при Советот на Европа, Управниот одбор на ова место го избра Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Чаир.

Членовите на Управниот одбор донесоа одредени заклучоци и по доставени барања до ЗЕЛС. Меѓу нив беше иницијативата од Општина Куманово за одредени измени на Законот за експропријација; потоа иницијативата од Општина Могила, околу регулирање на статусот на месните заедници; барањето од АДКОМ за заедничка средба со Управниот одбор на ЗЕЛС и барањето на Сојузот на здруженија на пензионерите за потпишување на нов Меморандум за соработка. Во однос на Законот за експропријација беше предложено Комисијата за урбанизам и просторно планирање да отвори дискусија за утврдување на иницијатива за изменување и дополнување на Законот за експропријација, да се соберат предлози и мислења од сите општини, а потоа утврдениот текст на иницијативата да биде доставен до Управниот одбор на ЗЕЛС на разгледување. За статусот на месните заедници беше укажано дека за ова прашање се разговара и во рамките на работната група за децентрализација, со тоа што е потребно да се донесе одлука за моделот на идното функционирање на месната самоуправа, односно утврдување на делокругот на работа, потребните ресурси и финансиските средства наспроти бенефитот од ваквата промена на статусот. Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа и ја прифати иницијативата на АДКОМ. За терминот на одржување на предложената работилница ќе се спроведе взаемно усогласување во претстојниот период. Во однос на Предлог – меморандумот за соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите, стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена да пристапи кон анализа и да разговара со претставниците од Сојузот

# BORDI DREJTUES I BNJVL-SË DISKUTOI PËR GJENDJET AKTUALE NË PUSHTETIN LOKAL

Bordi drejtues i BNJVL-së, më 6 nëntor 2019 mbajti seancën e tij të dymbëdhjetë, në të cilën u shqyrtuan një sërë çështjesh aktuale të lidhura me zbatimin e kompetencave të autoriteteve lokale, si dhe me punën e BNJVL-së. Në fillim të seancës, të pranishmit shqyrtuan Propozim-buxhetin e BNJVL-së; Planin e punës së BNJVL-së dhe Planin e furnizimeve publike, të gjithë për vitin 2020. Këto dokumente të rëndësishme për punën e BNJVL-së u shqyrtuan dhe u miratuan njëzëri nga Bordi drejtues. Të njëjtat dokumente do t'i shqyrtojë edhe Kuvendi gjeneral i BNJVL-së në seancën e pestë, që e caktoi Bordi drejtues për 5 dhjetor 2019 në Shkup. Pas tërheqjes me shkrim që e parashtroi Teuta Arifi, kryetare e Komunës së Tetovës, nga funksioni anëtar në delegacionin e Këshillit të Evropës, Bordi drejtues e zgjodhi në këtë vend Visar Ganiu, nënkryetar i BNJVL-së dhe kryetar i Komunës së Çairit.

Anëtarët e Bordit drejtues morën konkluzione të caktuara edhe për kërkesat e dërguara në BNJVL. Ndër to ishte iniciativa e Komunës së Kumanovës për ndryshime të caktuara të Ligjit për shpronësim; pastaj iniciativa e Komunës së Mogillës për rregullimin e statusit të bashkësive vendore; kërkesa e ADKOM-it për takim të përbashkët me Bordin drejtues të BNJVL-së dhe kërkesa e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve për nënshkrim të një Memorandumi të ri të bashkëpunimit. Lidhur me Ligjin për shpronësim, u propozua që Komisioni për urbanizëm dhe planifikim hapësinor të hapë diskutim për përcaktim të një iniciative për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për shpronësim, të mblidhen propozime dhe mendime nga të gjitha komunat, e pastaj teksti i përgatitur i iniciativës të dërgohet deri te Bordi drejtues i BNJVL-së për shqyrtim. Për statusin e bashkësive vendore, u theksua se për këtë çështje po bisedohet edhe në kuadër të grupit punues për decentralizim, me atë që duhet të merret vendim për modelin e funksionimit të ardhshëm të vetëqeverisjes vendore, gjegjësisht të përcaktohet fushëveprimi i punës, resurset e nevojshme dhe mjetet financiare kundrejt benefitit nga ndryshimi i këtillë i statusit. Bordi drejtues i BNJVL-së shqyrtoi dhe pranoi iniciativën e ADKOM-it. Për terminin e mbajtjes së punëtorisë së propozuar do të zbatohet harmonizim i ndërsjellë në periudhën që vijon. Lidhur me Propozim – memorandumin për bashkëpunim me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve, shërbimi profesional i BNJVL-së u obligua të bëjë analizë dhe të bisedojë me përfaqësuesit e



за усогласување на текстот, а потоа договорената верзија повторно да се достави на разгледување на Управниот одбор на ЗЕЛС.

**Утврден составот на Комисијата за подготовка на новиот стратегиски план на ЗЕЛС за 2021 -2025 година**

Управниот одбор на ЗЕЛС беше информиран дека ЗЕЛС се подготвува за донесување на нов стратегиски план за периодот 2021 -2025 година. За таа цел, членовите на Управниот одбор го утврдија составот на Комисијата за стратешко планирање при ЗЕЛС, што во следниов период треба активно да работи на утврдувањето на натамошните правци на дејствување на Заедницата во состав: Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС; Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС; Илија Јовановски, претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС; Константин Георгиески, градоначалник на Охрид и член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Комисијата најнапред ќе изврши консултации со сите општини за нивните предлози, концепти, идеи за идниот развој на ЗЕЛС. Потоа ќе изготви нацрт – текст кој повторно ќе биде дистрибуиран до сите општини за негово дополнување, коригираниот предлог ќе го разгледува Управниот одбор, а пота тој ќе биде ставен на усвојување пред Генералното собрание на ЗЕЛС.

**Формирана Лоби група за родова еднаквост на жените и мажите**

На седницата на УО беше формирана и Лоби група за родова еднаквост на жените и мажите, составена од градоначалнички, претседателки на совет и одреден број градоначалници. Целта на оваа лоби група е застапување на интересите на локалните родови политики пред централната власт. Во составот на оваа Лоби група се:

**1.**Наташа Петровска, градоначалничка на Општина Битола
**2.**Миликије Халими, градоначалничка на Општина Арачиново
**3.**Соња Стаменкова, градоначалничка на Општина Македонска Каменица
**4.**Жаклина Јовановска, градоначалничка на Општина Старо Нагоричане
**5.**Теута Арифи, градоначалничка на Општина Тетово
**6.**Стефан Богоев, градоначалник на Општина Карпош
**7.**Борјанчо Мицевски, градоначалник на Општина Крива Паланка
**8.**Константин Георгиевски, градоначалник на Општина Охрид
**9.**Енвер Пајазити, градоначалник на Општина Брвеница
**10.**Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир
**11.**Љубица Јанчева, претседателка на Совет на Град Скопје
**12.**Јана Белчева- Андреевска, претседателка на Совет на Општина Центар
**13.**Атина Мургашанска, претседателка на Совет на Општина Куманово
**14.**Лејла Исени, претседателка на Совет на Општина Липково
**15.**Изабела Павловска, претседателка на Совет на Општина Крива Паланка
**16.**Живка Ангелоска, претседателка на Совет на Општина Охрид
**17.**Ивана Цветковска, претседателка на Совет на Општина Аеродром
**18.**Тони Бојковски, претседател на Совет на Општина Гази Баба

**Воведување на систем за масовно информирање и предупредување на граѓаните, 112**

Присутните беа информирани за Проектот за воведување на единствениот систем за масовно информирање и предупредување на граѓаните 112, подржан од Европската Унија, што неодамна

Lidhjes për harmonizimin e tekstit, e pastaj versioni i dakorduar t'i dërgohet përsëri për shqyrtim Bordit drejtues të BNJVL-së.

**U përcaktua përbërja e Komisionit për përgatitjen e planit të ri strategjik të BNJVL-së 2021 -2025**

Bordi drejtues i BNJVL-së u njoftua se BNJVL-ja po përgatitet për ta miratuar planin e ri strategjik për periudhën e viteve 2021 – 2025. Për këtë qëllim, anëtarët e Bordit drejtues përcaktuan përbërjen e Komisionit për planifikim strategjik të BNJVL-së, i cili në periudhën e ardhshëm duhet të punojë në mënyrë aktive për përcaktimin e drejtimeve të mëtejshme të veprimit të Bashkësisë. Anëtarë të komisionit janë: Petre Shilegov, kryetar i BNJVL-së; Visar Ganiu, nënkryetar i BNJVL-së; Ilija Jovanovski, kryetar i Bordit mbikëqyrës të BNJVL-së; Konstantin Georgievski, kryetar i Komunës së Ohrit dhe anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së. Komisioni, në radhë të parë, do të bëjë konsultime me të gjitha komunat për propozimet, konceptet dhe idetë e tyre për zhvillimin e ardhshëm të BNJVL-së. Pastaj do të përgatisë draft – tekst i cili përsëri do të dërgohet deri te të gjitha komunat për plotësim të tij, propozimin e korrigjuar do ta shqyrtojë Bordi drejtues, e pastaj do të vihet për miratim para Kuvendit gjeneral të BNJVL-së.

**U formua Grup lobimi për barazi gjinore të femrave dhe meshkujve**

Në seancën e Bordit drejtues u formua edhe Grup lobimi për barazi gjinore të femrave dhe meshkujve, i përbërë nga kryetare komunash, kryetare këshillash dhe numër i caktuar kryetarë komunash. Qëllimi i këtij grupi të lobimit është përfaqësimi i interesave të politikave gjinore lokale para pushtetit qendror. Në përbërjen e këtij grupi të lobimit janë:

**1.**Natasha Petrovska, kryetare e Komunës së Manastirit
**2.**Milikije Halimi, kryetare e Komunës së Haraçinës
**3.**Sonja Stamenkova, kryetare e Komunës së Makedonska Kamenicës
**4.**Zahklina Jovanovska, kryetare e Komunës së Nagoroçit të Vjetër
**5.**Teuta Arifi, kryetare e Komunës së Tetovës
**6.**Stefan Bogoev, kryetar i Komunës së Karposhit
**7.**Borjanço Micevski, kryetar i Komunës së Kriva Pallankës
**8.**Konstantin Georgievski, kryetar i Komunës së Ohrit
**9.**Enver Pajaziti, kryetar i Komunës së Bërvenicës
**10.**Visar Ganiu, kryetar i Komunës së Çairit
**11.**Ljubica Jançeva, kryetare e Këshillit të Qytetit të Shkupit
**12.**Jana Bellçeva-Andreevska, kryetare e Këshillit të Komunës së Qendrës
**13.**Atina Murgashanska, kryetare e Këshillit të Komunës së Kumanovës
**14.**Lejla Iseni, kryetare e Këshillit të Komunës së Likovës
**15.**Izabella Pavllovska, kryetare e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës
**16.**Zhivka Angelloska, kryetare e Këshillit të Komunës së Ohrit
**17.**Ivana Cvetkovska, kryetare e Këshillit të Komunës së Aerodromit
**18.**Toni Bojkovski, kryetar i Këshillit të Komunës së Gazi Babës

**Aplikimi i sistemit për informim masovik dhe paralajmërim të qytetarëve, 112**

Të pranishmit u informuan për Projektin për aplikimin e sistemit unik për informim masovik dhe paralajmërim të qytetarëve 112, të përkrahur nga Bashkimi Evropian, i cili u prezantua kohët e fundit

беше претставен пред Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС. Проектот ќе се спроведува во неколку фази и ги вклучува сите единици на локалната самоуправа кои имаат сопствени противпожарни единици. Управниот одбор го поддржа проектот и побара активно вклучување на општините во реализацијата на претстојните активности. Станува збор за воспоставување на информативен центар за повикување, со обучен персонал кој ќе ги презема повиците и ќе ги внесува податоците за пријавената непогода во единствениот информациски систем и на тој начин ќе овозможи координација и организирање на расположливите единици заради справување со актуелната состојба. Системот ќе биде надгледуван и од државните институции, како Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. Од општините се очекува да задолжат лице од редот на вработените кој ќе пристапува во системот и ќе ги прима пренасочените повици, но и ќе ги внесува сите претходно дефинирани потребни податоци. За оваа фаза е предвидена и детална обука за овие лица кои ќе бидат назначени од командирите на ТППЕ за секоја единица посебно.

## Презентиран предлогот од работната група задолжена за утврдување на формално- правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација

На седницата беше презентирана и информација за предлогот - документот на Работната група задолжена за утврдување на формално-правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација. Беше посочено дека досега се одржани неколку состаноци, на кои освен претставниците од локалната власт има претставници од Министерството за локална самоуправа, предводени од министерот Милевски, како и претставници од Владата на Република Северна Македонија и одредени министерства. Беше посочено дека во одредени области се постигнати усогласувања меѓу ЗЕЛС и централната власт, особено со Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, но дека сѐ уште има одредени недоречености околу ставовите со Министерството за финансии, Министерството за труд и социјала и Министерството за здравство, а делумно усогласување е постигнато со Министерството за внатрешни работи. По спроведувањето на одредени анализи на сублимираните ставови и предлози, ќе следи аналитички пристап за утврдување на сите закони и на законските одредби кои треба да бидат усогласени со предложените измени. Се прават напори дел од утврдените закони да влезат во собраниска процедура до крајот на оваа година и да бидат прифатени пред распуштањето на Собранието.

## Дискусија за состојбата со долговите на јавните претпријатија во општинска сопственост

Управниот одбор дискутираше и по барањето на градоначалникот на Општина Дебар, Хекуран Дука, изнесено на средбата на претседателите на советите од Полошкиот регион за обезбедување на поддршка на поддршка од централната власт за враќање на долговите што јавните претпријатија ги имаат кон државните установи, особено кон Фондот за здравство. Дел од членовите на Управниот одбор се согласија дека долговите на јавните претпријатија сѐ уште сериозно го оптоваруваат буџетот на многу општини. Во дискусијата беше посочен можен концепт на донесување на посебен Закон со кој ќе се отпишат каматите кон државните органи и институции, како што беше искуството во претходниот период, кога на општините им беше овозможено плаќање на преостанатиот долг на рати и отпис на задолжувањата по основ на неплатени камати. Се отвори и дилемата

para Rrjetit të NJTZ-ve të BNJVL-së. Projekti do të zbatohet në disa faza dhe përfshin të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale të cilat kanë njësitë e tyre të zjarrfikësve. Bordi drejtues mbështeti projektin dhe kërkoi përfshirje aktive të komunave në realizimin e aktiviteteve që vijojnë. Bëhet fjalë për formim të një qendre informative të thirrjeve, me personal të trajnuar që do t'i ndërmarrë thirrjet dhe do t'i regjistrojë të dhënat e fatkeqësisë së raportuar në sistemin unik të informacioneve dhe në këtë mënyrë do të mundësojë koordinimin dhe organizimin e njësive që janë në dispozicion për shkak të ballafaqimit me gjendjen aktuale. Sistemi do të mbikëqyret edhe nga institucionet shtetërore, siç janë Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim dhe Qendra për Menaxhim me Kriza. Nga komunat pritet të emërojnë një person nga radha e të punësuarve, i cili do të ketë qasje në sistem dhe do t'i pranojë thirrjet e ridrejtuara, por edhe do t'i shkruajë të gjitha të dhëna të nevojshme të përcaktuara paraprakisht. Për këtë fazë është paraparë edhe trajnim i detajuar për këta persona që do të emërohen nga ana e Komandantëve të NJTZ-ve për çdo njësi veç e veç.

## U prezantua propozimi i grupit punues përgjegjës për përcaktimin e aspektit formal-juridik dhe përcaktimin e hapave të ardhshëm në procesin e decentralizimit

Në seancë u prezantua edhe informacioni për propozim – dokumentin e Grupit punues përgjegjës për përcaktimin e aspektit formal – juridik dhe përcaktimin e hapave të ardhshëm në procesin e decentralizimit. U theksua se deri më tani janë mbajtur disa takime, në të cilat përveç përfaqësuesve të pushtetit lokal ka përfaqësues nga Ministria e Vetëqeverisjes Lokale, të udhëhequr nga ministri Milevski, si dhe përfaqësues nga Qeveria e Republikë së Maqedonisë së Veriut dhe ministri të caktuara. U theksua se në sfera të caktuara janë arritur pajtueshmëri midis BNJVL-së dhe pushtetit qendror, sidomos me Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, por se ende ka paqartësi të caktuara rreth qëndrimeve me Ministrinë e Financave, Ministrinë e Punës dhe Politikës Sociale dhe Ministrinë e Shëndetësisë, ndërsa pajtueshmëri e pjesshme është arritur edhe me Ministrinë e Punëve të Brendshme. Pas zbatimit të analizave të caktuara të qëndrimeve dhe propozimeve të përmbledhura, do të vijojë qasja analitike për përcaktimin e të gjitha ligjeve dhe dispozitave ligjore të cilat duhet harmonizohen me ndryshimet e propozuara. Po bëhen përpjekje që një pjesë e ligjeve të identifikuara të hyjnë në procedurë parlamentare deri në fund të vitit dhe të pranohen para shpërbërjes së Kuvendit.

## Diskutim për gjendjen me borxhet e ndërmarrjeve publike në pronësi të komunës

Bordi drejtues diskutoi lidhur me kërkesën e Kryetarit të Komunës së Dibrës, Hekuran Duka, të nxjerrë në takimin e kryetarëve të këshillave të Rajonit të Pollogut për sigurimin e mbështetjes së pushtetit qendror për kthimin e borxheve që i kanë ndërmarrjet publike ndaj institucioneve shtetërore, sidomos ndaj Fondit të Sigurimit Shëndetësor. Një pjesë e anëtarëve të Bordit drejtues u pajtuan se borxhet e ndërmarrjeve publike ende ngarkojnë seriozisht buxhetin e shumë komunave. Në diskutim u theksua koncepti i mundshëm i miratimit të një Ligji të veçantë me të cilin do të fshihen kamatat ndaj organeve dhe institucioneve shtetërore, siç ishte përvoja në periudhën e mëparshme, kur komunat u mundësuan të paguajnë borxhet e mbetura me këste dhe t'i fshijnë borxhet që i patën në bazë të kamatave të papaguara. U hap edhe

што со оние општини кои редовно ги сервисираат сопствените долгови, меѓу кои и преземените од јавните претпријатија. На ваков начин, општините и граѓаните од овие подрачја се ставаат во нерамноправна положба, како што беше случајот со минатогодишниот Закон, со кој на општините кои должат им беа дадени државни грантови во вкупна висина од 50 милиони евра, додека другите општини не добија никакви дополнителни средства.

Беше заклучено, стручната служба на ЗЕЛС да побара информации од сите општини за вкупниот долг на нивните јавни претпријатија што го имаат кон државните органи, министерства, други институции и установи и долгот на општината доколку го презела од јавните претпријатија. Управниот одбор на следната седница ќе ги разгледа пристигнатите податоци и ќе дискутира за утврдување на мерки за надминување на овие состојби.

## Предизвици со одржувањето и расчистувањето на регионалните патишта

Присутните посветија внимание на разгледување на иницијативата од неколку помали општини од Пелагонискиот плански регион (Новаци, Могила, Крушево и Долнени) околу предизвиците со регионалните патишта во овие средини. Иако тоа не е во нивна надлежност, но во интерес на граѓаните, овие општини на свој трошок преземаат соодветни активности на одржување и расчистување на регионалните патишта, особено во зимскиот период. Тие предлагаат да се иницира склучување на договор со ЈПДП за префрлање на соодветни финансиски средства, што ова претпријатие ги добива согласно со законот. На иницијативата се приклучи и Општина Ранковце, која освен што се соочува со истиот предизвик, го потенцира и континуираното руинирање на регионалниот пат, кон српската граница. Како најголемата причина беа посочени товарните возила од шумските стопанства кои пренесуваат дрвна маса и се товарени над дозволената носивост. Управниот одбор ја прифати иницијативата на општините Новаци, Могила, Крушево и Долнени и заклучи за ова прашање да се обрати до Агенцијата за патишта, со предлог за склучување на договори со општините за одржување на патиштата.

## На општините им е понудено презентирање на „ДУБАИ- ЕКСПО 2020/21"- изјаснувањето најдоцна до 15 декември, 2019 година

Претставници од Владата на Република Северна Македонија ја претставија можноста на локалните власти за презентирање на „ДУБАИ- ЕКСПО" што ќе се одржи од 20 октомври, 2020 до 10 април, 2021 година. Саемската манифестација е насловена „Поврзување на умот, создавање на иднината (Connecting Minds, Creating the Future), при што се понудени три теми: Можност, мобилност, одржливост (Opportunity, Mobility, Sustainability). Нашата земја го одбра цветот на камилицата кој ќе доминира на самиот штанд и на рекламниот материјал на нашата земја, а преку кој ќе се претставуваат сите убавини, специфичности, економски можности за инвестирање и за посета. Предвидено е општините да се презентираат први, во период од 25 дена, односно некаде до средината на ноември 2020 година, при што просторот на павилјонот од 385 м$^2$ е обезбеден бесплатно, а постојат и низа други полезности околу транспортот на материјалите и слично. Саемот нуди можност и за продажба на производи, презентирање на културни програми, обезбедени се посебни панел - екрани за рекламирање, а постојат и можности за состаноци и презентации. Временскиот период на поединечно претставување на секоја општина на саемот ќе биде договорен дополнително, во зависност од бројот на заинтересирани општини

dilema se çfarë do të ndodhë me ato komuna të cilat rregullisht shlyejnë borxhet e tyre, duke përfshirë edhe borxhet e ndërmarra nga ndërmarrjet publike. Në këtë mënyrë, komunat dhe qytetarët e këtyre rajoneve vihen në pozitë të pabarabartë, siç ishte rasti me Ligjin e vitit të kaluar me të cilin, komunat që kishin borxhe, morën grante shtetërore me shumë totale prej 50 milionë eurosh, ndërsa komunat e tjera nuk morën asnjëfarë mjetesh shtesë.

U morë konkluzion që shërbimi profesional i BNJVL-së të kërkojë informacione nga të gjitha komunat për borxhin e përgjithshëm të ndërmarrjeve të tyre publike që e kanë ndaj organeve shtetërore, ministrive dhe institucioneve të tjera dhe borxhin që e ka ndërmarrë komuna nga ndërmarrjet publike. Bordi drejtues do t'i shqyrtojë në seancën e ardhshme të dhënat e arritura dhe do të diskutojë për përcaktimin e masave për tejkalimin e këtyre gjendjeve.

## Sfida me mirëmbajtjen dhe pastrimin e rrugëve rajonale

Të pranishmit i kushtuan vëmendje shqyrtimit të iniciativës të disa komunave më të vogla të Rajonit planifikues të Pellagonisë (Novaci, Mogillë, Krushevë dhe Dollneni) rreth sfidave me rrugët rajonale në këto mjedise. Edhe pse ajo nuk është në kompetencën e tyre, por në interes të qytetarëve, këto komuna me shpenzime të veta ndërmarrin aktivitete përkatëse për mirëmbajtje dhe pastrim të rrugëve rajonale, sidomos në periudhën e dimrit. Ato propozojnë që të iniciohet lidhje e një kontrate me Ndërmarrjen Publike për Rrugë Shtetërore për transferimin e mjeteve adekuate financiare, të cilat i merr kjo ndërmarrje në bazë të Ligjit. Iniciativës iu bashkëngjit edhe Komuna e Rankocit, e cila përveç që ballafaqohet me të njëjtën sfidë, theksoi edhe shkatërrimin e vazhdueshëm të rrugës rajonale drejt kufirit serb. Si arsye më e madhe u theksuan automjetet ngarkuese të ndërmarrjeve për ekonomizim të pyjeve të cilat transportojnë drurë dhe janë ngarkuar mbi peshën e lejuar. Bordi drejtues pranoi iniciativën e komunave të Novacit, Mogillës, Krushevës dhe Dollnenit dhe mori konkluzion që për këtë çështje t'i drejtohet Agjencisë së rrugëve me propozim për lidhje të kontratave me komunat për mirëmbajtje të rrugëve.

## Komunave u ofrohet prezantim në panairin "DUBAI – EKSPO 2020/21" – duhet prononcohen më së voni deri më 15 dhjetor 2019

Përfaqësues të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut prezantuan mundësinë e autoriteteve lokale për prezantim në panairin "DUBAI EKSPO" që do të mbahet nga 20 tetori 2020 deri më 10 prill 2021. Manifestimi i panairit e ka titullin "Lidhja e mendjeve, krijimi i së ardhmes (Connecting Minds, Creating the Future)", me ç'rast janë ofruar tri tema: Mundësi, Mobilitet, Qëndrueshmëri (Opportunity, Mobility, Sustainability). Vendi ynë zgjodhi lulen e kamomilit e cila do të dominojë në vetë stendën dhe në materialin reklamues të vendit tonë, e përmes të cilit do të prezantohen të gjitha bukuritë, specifikat, mundësitë ekonomike për investim dhe për vizitë. Është paraparë që komunat të prezantohen të para, në periudhën prej 25 ditësh, përkatësisht diku deri në mesin e nëntorit të vitit 2020, kështu që hapësira e pavijonit prej 385 m2 është siguruar falas, ndërsa ka edhe një sërë benefitesh të tjera rreth transportit të materialeve dhe e ngjashme. Panairi ofron mundësi për shitje të produkteve, prezantim të programeve kulturore, janë siguruar panel të veçantë ekranesh për reklamim dhe ka mundësi për mbajtje të takimeve dhe prezantimeve. Periudha kohore për prezantim individual të çdo komune në panair do të kontraktohet në mënyrë shtesë, varësisht nga numri i komunave të interesuara

и од нивните можностите. Беше заклучено ЗЕЛС да испрати до сите општини подетални информации за овој настан, а тие до 15 декември, 2019 година да се изјаснат за нивната заинтересираност за учество на „Дубаи Експо 2020/21".

**Реафирмирани отворените прашања поврзани со донесување на нов Закон за постапување со бесправно изградени објекти**

Управниот одбор дискутираше по информацијата околу донесувањето на нов Закон за постапување со бесправно изградени објекти. По поставувањето на оваа информација на системот- „е-Влада", таа беше доставена до сите општини, а одговори до ЗЕЛС пристигнаа само од општините: Центар, Дебар, Крушево, Чешиново-Облешево и Куманово. Управниот одбор повторно ги реафирмираше отворените прашања поврзани со доказната постапка, користење на јавно достапни сателитски снимки на интернет, висината на надоместокот за легализација и неажурноста на граѓаните за навремено поднесување на барање за легализација на нелегалните градби. По дискусијата беа донесени повеќе заклучоци, меѓу кои: Со текстот на Предлог - законот задолжително да се пропише доказната постапка, а особено начинот на кој ќе се докажува периодот во кој е изграден бесправниот објект, односно да се пропише и користење на извадок од сателитска снимка како веродостоен доказ. Снимката да биде обезбедена од страна на државен орган, установа или институција, а истата да биде ставена на располагање на општините.

Исто така, ЗЕЛС бара со новиот Предлог - закон да се предвидат алтернативни решенија заради дискусија по нив, пред донесување на одлука за конечно уредување на постапката на легализација на објекти кои се изградени на државно земјиште, објекти кои се наоѓаат на земјиште на кое е планирана изградба на објекти од јавен интерес или инфраструктурни објекти, како и легализација на објекти на земјиште кое не е опфатено со урбанистичко-планска документација од каков било вид. Ова од причина што општините во иднина би биле доведени во неповолна положба да плаќаат за експропријација на легализиран објект заради изграба на инфраструктура или градба на објекти од јавен интерес од локално значење. Додека пак за категоријата на бесправни градби кои се наоѓаат на земјиште за кое не е донесена урбанистичко – планска документација, мора да се има предвид дека опфатот во општините за донесување на урбанистички планови е голем, дека се потребни големи финансиски средства и дека постапката на донесување често е долга. ЗЕЛС е согласен со предлогот за висок износ на надоместокот за легализација на бесправните градби и предлага тој да изнесува 150% од висината на актуелниот надоместок за уредување на градежното земјиште за соодветното подрачје. Исто така, беше посочена потребата да се организира работна средба (тркалезна маса) на која ќе се поканат општините и на која ќе се дискутираат предложените решенија пред да се почне со собраниска постапка на донесување на овој Закон.



dhe mundësitë e tyre. U mor konkluzion që BNJVL-ja t'i dërgojë deri te të gjitha komunat informacione më të hollësishme për këtë ngjarje, ndërsa ato deri më 15 dhjetor 2019 të prononcohen për interesimin e tyre për të marrë pjesë në "Dubai Ekspo 2020/21".

**U riafirmuan çështjet e hapura të lidhura me miratimin e një Ligji të ri për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme**

Bordi drejtues diskutoi lidhur me informacionin rreth miratimit të një Ligji të ri për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme. Pasi u vendos ky informacion në sistemin "e-qeveri", i njëjti iu dërgua të gjitha komunave, ndërsa në BNJVL arritën përgjigje vetëm nga komunat e Qendrës, Dibrës, Krushevës, Çeshinovës – Obleshevës dhe Kumanovës. Anëtarët e Bordit drejtues riafirmuan çështjet e hapura të lidhura me procedurën dëshmuese, përdorimin e incizimeve satelitore që janë në dispozicion në internet, shumën e kompensimit për legalizim dhe mosangazhimin e qytetarëve për parashtrimin me kohë të kërkesave për legalizim të ndërtimeve të paligjshme. Pas diskutimit u morën më shumë konkluzione, ndër të cilat: Me tekstin e Propozim - ligjit domosdoshmërish të parashihet procedura dëshmuese, e sidomos mënyra në të cilën do të dëshmohet periudha në të cilën është ndërtuar objekti i paligjshëm, gjegjësisht të parashihet edhe përdorimi i ekstraktit të incizimit satelitor si dëshmi e vërtetë. Incizimi të sigurohet nga ana e një organi ose institucioni shtetëror dhe i njëjti të jetë në dispozicion për komunat.

Gjithashtu, BNJVL-ja kërkon që me Propozim – ligjin e ri të parashihen zgjidhje alternative që të mund të diskutohen ato para se të merret vendim për rregullimin përfundimtar të procedurës së legalizimit të objekteve që janë ndërtuar në tokë ndërtimore, objekte që gjenden në tokë në të cilën është planifikuar ndërtimi i objekteve të interesit publik ose objekteve infrastrukturore, si dhe legalizimi i objekteve që gjenden në tokë e cila nuk është përfshirë me dokumentacionin planifikues urbanistik të cilitdo lloji. Kjo për shkak se komunat në të ardhmen do të mund të viheshin në pozitë të palakueshme të paguajnë për shpronësim të një objekti të legalizuar për shkak të ndërtimit të infrastrukturës ose objekteve të interesit publik me rëndësi lokale. Ndërsa, për kategorinë e objekteve të paligjshme që gjenden në tokë për të cilën nuk është miratuar dokumentacion planifikues - urbanistik, duhet të merret parasysh se rangu për miratimin e planeve urbanistike në komunat është i madh, se ka nevojë për mjete të mëdha financiare dhe se procedura për miratim shpesh është e gjatë. BNJVL-ja pajtohet me propozimin për shumën e lartë të kompensimit për legalizimin e objekteve të paligjshme dhe propozon që e njëjta të jetë 150% nga shuma e kompensimit aktual për rregullimin e tokës ndërtimore për zonën përkatëse. Gjithashtu u theksua nevoja për organizim të një takimi pune (tryezë e rrumbullakët) në të cilin do të ftohen komunat dhe në të cilin do të diskutohen zgjidhjet e propozuara para se të fillojë procedura parlamentare për miratimin e këtij Ligji.



## ОБУКА ЗА ПРИМЕНАТА НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Советници и инспектори за животна средина од единиците на локалната власт, членови на Мрежата за животна средина при ЗЕЛС, на 12 ноември, 2019 година, во ЗЕЛС тренинг центарот проследија обука во која беше опфатено спроведувањето на прекршочната постапка во областа на животната средина, во согласност со новиот Закон за прекршочна постапка. Всушност, од 18 ноември, 2019 година, инспекторите треба да постапуваат во согласност со одредбите од новиот Закон за прекршоци, за што во изминатите шест месеци се направени и усогласувања во останатата законска регулатива. Беше посочено дека соодветно усогласување е направено и во Законот за животна средина и дека се очекува најдоцна до крајот на овој месец, измените на овој Закон да стапат во сила, по што ќе следи усогласување и во останатите 11 закони од областа на животната средина.

Обуката ја водеше Тања Пауновска, член на двете комисии при Министерството за животна средина: Прекршочна комисија и Комисија за спогодување. Таа говореше за измените во новиот Закон за прекршоци, при што посочи дека санкциите генерално се намалени споредбено со претходниот закон, но дека се остава можност при одредени случаи, кога станува збор за посериозно загрозување тие да бидат зголемени трикратно. Исто така, беше посочено дека во новиот Закон не е предвидена мандатната постапка, туку останува само прекршочниот платен налог, како и тоа дека на опомената и се дава поголем акцент, односно дека таа сега е предвидена како санкција. Ова особено би се применувало во случаи кога физичко или правно лице за прв пат прави прекршок, но не и доколку направениот прекршок предизвикува големи последици по животната средина. Освен опомената, како санкции во областа на животната средина, главно се изрекуваат и парична казна и забрана за вршење на дејност. Стана збор и за спогодувањето, што се користи при утврдени поголемите казни, кај прекршоци од трета категорија, за кои досега ниту една општина нема покренато ваква постапка, но дека тоа може да се случи во следниов период, како што е неодамнешниот пример од Општина Велес, со хаваријата во маслодајната. Беше посочено дека инспекторите треба да обрнат поголемо внимание на доставување на комплетна и уредна документација заедно со барањето за покренување на прекршочна постапка, за да не се враќаат предметите за банални работи од формална природа. Притоа, присутните беа информирани дека ако со претходниот закон, комисиите беа надлежни за околу 80% од прекршочните барања, со законските измените овој процент на предмети ќе оди директно во судска постапка, а 20 % ќе оди кај комисиите. Исто така, беше посочено дека инспекторите треба да ги прилагодат

## TRAJNIM PËR ZBATIMIN E LIGJIT TË RI PËR KUNDËRVAJTJE NË SFERËN E AMBIENTIT JETËSOR

Këshilltarë dhe inspektorë për ambient jetësor nga njësitë e pushtetit lokal, anëtarë të Rrjetit të ambientit jetësor të BNJVL-së, më 12 nëntor 2019, në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së ndoqën trajnim në të cilin u përfshi zbatimi i procedurës kundërvajtëse në sferën e ambientit jetësor, në përputhje me Ligjin e ri për procedurën kundërvajtëse. Në fakt, nga 18 nëntori 2019, inspektorët duhet të veprojnë në përputhje me dispozitat e Ligjit të ri për kundërvajtje, për të cilën gjë në gjashtë muajt e kaluar janë bërë edhe harmonizime në legjislacionin tjetër. U theksua se harmonizim adekuat është bërë edhe në Ligjin për ambient jetësor dhe se pritet që ndryshimet e këtij Ligji të hyjnë në fuqi më së voni deri në fund të këtij muaji dhe pastaj do të vijojë harmonizimi edhe në 11 ligjet e tjera të sferës së ambientit jetësor.

Trajnimin e udhëhoqi Tanja Paunovska, anëtar i të dyja komisioneve të Ministrisë së Ambientit Jetësor: Komisioni për kundërvajtje dhe Komisioni për kontraktim. Ajo foli për ndryshimet e Ligjit të ri për kundërvajtje, duke theksuar se në përgjithësi sanksionet janë zvogëluar në krahasim me ligjin e mëparshëm, por se lihet mundësi që në raste të caktuara, kur bëhet fjalë për shkelje më serioze, ato të rriten trefish. Gjithashtu u theksua se në Ligjin e ri nuk është paraparë procedura e mandatit, por mbetet vetëm urdhëresa për pagimin e kundërvajtjes dhe se theks më i madh i jepet paralajmërimit, gjegjësisht se ai tani parashihet të jetë sanksion. Kjo do të zbatohej sidomos në raste kur një person fizik ose juridik bën kundërvajtje për herë të parë, por jo edhe nëse kundërvajtja e bërë shkakton pasoja të mëdha për ambientin jetësor. Përveç paralajmërimit, si sanksione në sferën e ambientit jetësor kryesisht shqiptohen edhe gjoba në të holla dhe ndalesë për kryerjen e veprimtarisë. U bë fjalë edhe për kontraktimin që përdoret gjatë përcaktimit të gjobave më të mëdha te kundërvajtjet e kategorisë së tretë, për të cilat deri më tani asnjë komunë nuk ka iniciuar një procedurë të këtillë, por se kjo mund të ndodhë në periudhën e ardhshme, siç është shembulli i paradokohshëm i Komunës së Velesit, me aksidentin që ndodhi në fabrikën "Maslodajna". U theksua se inspektorët duhet t'i kushtojnë vëmendje më të madhe dërgimit të dokumentacionit të kompletuar dhe të duhur së bashku me kërkesën për ngritjen e procedurës kundërvajtëse me qëllim që të mos kthehen lëndët për gjëra banale të natyrës formale. Të pranishmit u informuan se nëse me ligjin e mëparshëm komisionet ishin përgjegjëse për rreth 80% të kërkesave kundërvajtëse, me ndryshimet ligjore kjo përqindje e lëndëve do të shkojnë drejtpërdrejt në procedurë gjyqësore, ndërsa 20% do të shkojnë te komisionet. Gjithashtu u theksua se inspektorët duhet t'i përshtatin





барањата, соодветно со новите законски измени, а во следниов период се очекува да бидат изработени нови формулари.

Присутните посочија дека новите законски измени се направени токму во оние делови од постапките кои предизвикувале низа предизвици при нивната примена и дека ќе се обезбеди поголема ефикасност кај инспекциските служби. На крајот на средбата, присутните беа информирани дека до средината на декември, ЗЕЛС има планирано уште неколку обуки од областа на животната средина, за кои навремено ќе бидат информирани.

kërkesat në mënyrë adekuate me ndryshimet e reja ligjore dhe se në periudhën e ardhshme pritet të përgatiten formularë të rinj.

Të pranishmit theksuan se ndryshimet e reja ligjore janë bërë pikërisht në ato pjesë të procedurave të cilat kanë shkaktuar një sërë sfidash gjatë zbatimit të tyre dhe se me atë do të sigurohet efikasitet më i madh i shërbimeve inspektuese. Në fund të takimit të pranishmit u informuan se deri në mesin e dhjetorit, BNJVL-ja ka planifikuar edhe disa trajnime të sferës së ambientit jetësor për të cilat do të informohen me kohë.

## 53% ПОВЕЌЕ СРЕДСТВА ЗА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ – ИЗНЕСЕНО НА СЕДНИЦАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Во просториите на ЗЕЛС на 18 ноември, 2019 година се одржа триесет и петтата седница на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање. На дневен ред беше ставено разгледувањето на Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2020 година, како и Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2020 година. Претставниците од локалната власт, членови на оваа Комисија, на самиот почеток на дискусијата укажаа дека не е добро што толку доцна се изнесуваат овие два предлог -документи пред Комисијата, со што се потценува нејзината улога. Улогата на Комисијата дополнително се девалвира и поради фактот што тие веќе биле претставени и поминале во владина процедура и треба да одат на расправа во Собрание. Беше посочено дека ставовите од денешната дискусија може да се инкорпорираат во следните постапки за усвојување на овие два документа, но дека во иднина ваквото однесување не смее да прерасне во пракса. Претставникот од Министерството за труд и социјална политика образложи дека долго време се работело на ревидирањето

## 53% MË SHUMË MJETE PËR KOPSHTET E FËMIJËVE – U NXOR NË SEANCËN E KOMISIONIT PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT TË FINANCIMIT TË KOMUNAVE

Në hapësirat e BNJVL-së, më 18 nëntor 2019 u mbajt seanca e tridhjetë e pestë e Komisionit për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave. Në rendin e ditës u vu shqyrtimi i Propozim – dekreti për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për institucionet publike të fëmijëve – kopshtet e fëmijëve dhe qendrat për zhvillimin e hershëm të fëmijëve që janë në përbërje të kopshteve publike të fëmijëve nëpër komunat për vitin 2020, si dhe Propozim – dekreti për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për institucionet publike të mbrojtjes sociale – shtëpitë për persona të moshuar për vitin 2020. Përfaqësuesit e pushtetit lokal, anëtarë të këtij Komisioni, në vetë fillimin e diskutimit thanë se nuk është mirë që këto dy propozim – dokumente prezantohen aq vonë para Komisionit, me ç'rast nënçmohet roli i tij. Roli i Komisionit nënçmohet në mënyrë shtesë edhe me faktin se ato tashmë janë prezantuar dhe kanë kaluar procedurën qeveritare dhe duhet të shkojnë për diskutim në Kuvend. U theksua se qëndrimet e diskutimit të sotëm mund të inkorporohen në procedurat e ardhshme për miratimin e këtyre dy dokumenteve, por se sjellja e këtillë në të ardhmen nuk guxon të bëhet praktikë. Përfaqësuesi i Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale shpjegoi se është punuar një kohë e gjatë për revidimin e formulës



на постојната формула за распределба на средствата, во насока на обезбедување на потранспарентна и поправична распределба на блок дотациите на општините за градинките и центрите за ран детски развој. Беше посочено дека е утврдена нова поедноставна формула, во која се зема фактичкиот и проектираниот капацитет на градинките, односно утврдениот просечен број на децата на кој се додава трошокот по дете, а онаму каде во градинките има и центри за ран детски развој (за деца од 3-6 години,без спиење и храна) се додаваат средства утврдени само врз основа на проектираниот капацитет. Сето тоа, пак, е во согласност со обезбедените средства во буџетот за 2020 година за оваа намена, при што се предвидува сумата по општина да не смее да биде помала од 350.000,00 денари. Беше изнесено дека висината на средствата за детски градинки, во буџетот за 2020 година е за 53% поголема од 2017 година, а тука влегуваат и зголемувањето на платите на вработените, како и сите новоприфатени вработувања, што во претходниот период ги плаќала локалната власт. Беше констатирано дека не може да се направи идеална формула, но дека и натаму ќе се работи на нејзино усовршување, со цел никој да не биде оштетен, а притоа да се обезбеди децата да добиваат квалитетна услуга. На седницата беше посочено дека оваа формула ќе подлежи на преиспитување и подобрување и дека во следниот период МТСП нарачува ревизија на целиот систем на финансирање на градинките, каде ќе биде разгледан и делот на самофинансирањето, што сега изнесува 1.500,00 денари по дете. Кај присутните преовладуваше и ставот да се обезбеди една општа формула преку која ќе се врши распределбата на сите средства, заедно од областа на детски градинки, образование, култура..., кои во една целина ќе им се префрлаат на општините. Потоа, општините самостојно ќе може да управуваат со овие средства, а сето тоа ќе придонесе и за натамошно развивање на процесот на децентрализација во земјава. Присутните претставници од локалната власт изнесоа позитивни ставови во однос на поголемото раздвижување на капиталните инвестиции што ги прави МТСП, со проширување на постојните капацитетите на градинките или изградба на нови градинки, како и поддршката што им ја дава на општините при подготовката на новите проекти. Беше посочено дека општините добиле многу нови согласности за вработувања на кадар во градинките, и тоа како за претходно ангажираните лица, но и дополнителни - нови вработувања. Присутните со мнозинство на гласови ја поддржаа оваа Предлог –уредба за распределбата на блок дотациите за градинките за методологија, а позитивно се произнесоа и за Предлог –уредбата за методологија за старските домови, која нема никакви измени во однос на претходната и се однесува на четирите установи распоредени во општините: Битола, Берово, Куманово и Прилеп.

ekzistuese për shpërndarjen e mjeteve në drejtim të sigurimit të shpërndarjes më transparente dhe më të drejtë të bllok dotacioneve të komunave për kopshtet e fëmijëve dhe qendrat për zhvillimin e hershëm të fëmijëve. U theksua se është përcaktuar formulë e re më e thjeshtë, në të cilën merret kapaciteti faktik dhe i projektuar i kopshteve të fëmijëve, gjegjësisht numri i konstatuar mesatar i fëmijëve të cilit i shtohet shpenzimi për një fëmijë, ndërsa atje ku në kopshtet e fëmijëve ka edhe qendra për zhvillimin e hershëm të fëmijëve (për fëmijë nga 3 – 6 vjet, pa fjetje dhe ushqim) shtohen mjetet e përcaktuara vetëm në bazë të kapacitetit të projektuar. Të gjitha këto, megjithatë, janë në përputhje me mjetet e siguruara në Buxhetin e vitit 2020 për këtë qëllim, me ç'rast parashihet që shuma për një komunë të mos jetë më e vogël se 350.000.00 denarë. U theksua se shuma e mjeteve për kopshtet e fëmijëve në Buxhetin e vitit 2020 është më e madhe për 53% se shuma e vitit 2017, e këtu është llogaritur edhe rritja e rrogave të të punësuarve, si dhe të gjitha punësimet e reja, të cilat në periudhën e mëparshme i ka paguar pushteti lokal. U konstatua se nuk mund të bëhet formulë ideale, por se do të punohet edhe më tej për përmirësimin e saj me qëllim që askush të mos jetë i dëmtuar, ndërsa fëmijët të marrin shërbime cilësore. Në seancë u theksua se kjo formulë do të rishikohet dhe do të përmirësohet dhe se në periudhën e ardhshme Ministria e Punës dhe Politikës Sociale do të kërkojë të bëhet revizion i të gjithë sistemit të financimit të kopshteve të fëmijëve, me ç'rast do të shqyrtohet edhe pjesa e vetëfinancimit, që tani është 1.500.00 denarë për një fëmijë. Të pranishmit patën qëndrim se duhet të sigurohet një formulë e përgjithshme përmes së cilës do të kryhet shpërndarja e të gjitha mjeteve të përbashkëta të sferës së kopshteve të fëmijëve, arsimit, kulturës..., të cilat në një tërësi do t'u transferohen komunave. Ato pastaj në mënyrë të pavarur do të menaxhojnë me këto mjete dhe të gjitha këto gjëra do të kontribuojnë për zhvillimin e mëtejshëm të procesit të decentralizimit në vend. Përfaqësuesit prezentë të pushtetit lokal nxorën qëndrime pozitive lidhur me rritjen e investimeve kapitale që i bën MPPS-ja, me zgjerimin e kapaciteteve ekzistuese të kopshteve të fëmijëve ose ndërtimin e kopshteve të reja të fëmijëve, si dhe mbështetja që ua jep komunave gjatë përgatitjes së projekteve të reja. U theksua se komunat kanë marrë shumë pajtime të reja për punësime të kuadrove në kopshtet e fëmijëve për personat e angazhuar paraprakisht, por edhe për punësime të reja shtesë. Të pranishmit me shumicë votash mbështetën këtë Propozim – dekret për metodologjinë e shpërndarjes së bllok dotacioneve për kopshtet e fëmijëve, ndërsa u prononcuan pozitivisht edhe për Propozim – dekretin e metodologjisë për shtëpitë e personave të moshuar, e cila nuk ka asnjëfarë ndryshimesh në krahasim me metodologjinë e mëparshme dhe ka të bëjë me katër institucionet që gjenden në komunat e Manastirit, Berovës, Kumanovës dhe Prilepit.





# ИСКУСТВАТА ОД САД ЗА ВРШЕЊЕТО НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ -ПРЕНЕСЕНИ ПРЕД ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Синди Шафер, инженерка за животна средина во државната Агенција за заштита на животна средина на САД (Environment Protection Agency EPA) на 19 и на 21 ноември, 2019 година во ЗЕЛС тренинг центарот ги пренесе искуствата за вршењето на инспекциски надзор во областа на загадувањето на воздухот, според законската регулатива на САД. Оваа обука ја организираше ЗЕЛС, во соработка со Амбасадата на САД во нашата земја, на која беа повикани членовите на Мрежа за животна средина на ЗЕЛС. Искуствата што беа пренесени, во голема мера, ќе помогнат и во креирањето на идни ставови на оваа Мрежа при покренувањето на одредени законски иницијативи за подобрување на заштитата на животната средина, како и на подобрување на условите за инспекторирање во нашата земја.

На почетокот на презентацијата, инженерката Шафер говореше за поврзаноста на загадувањето на воздухот со нарушувањето на здравјето на луѓето, како и со опаѓањето на економијата во една земја, посочувајќи на трошоците за здравствено лекување, отсуството од работа на вработените и слично. Таа информираше дека според податоците на Светската здравствена организација нашата земја се наоѓа високо на листата на најзагадени земји со ПМ честички. Потоа, присутните имаа можност да слушнат како се спроведува инспекциска постапка во САД при загадување на животната средина. Беше посочено дека првенствено се започнува со таргетирање на правниот субјект врз кој ќе се врши надзор, па се врши подготовки за лична заштита на инспекторот, се утврдуваат и обезбедуваат инструменти што ќе се користат при надзорот и се подготвува „листа за проверка" која му се испраќа на правниот субјект, најмалку три дена пред вршењето на надзорот.

Агенцијата за животна средина во САД ги категоризира правните субјекти -загадувачи по повеќе категории, меѓу кои според: зоната во која се наоѓаат, опасноста на матерleft што ги користат и што ги испуштаат, историјата

# PËRVOJAT E SHBA-SË PËR KRYERJEN E MBIKËQYRJES INSPEKTUESE NË SFERËN E NDOTJES SË AJRIT U PREZANTUAN PARA PËRFAQËSUESVE TË PUSHTETIT LOKAL

Cynthia Schafer, inxhiniere për ambient jetësor në Agjencinë shtetërore për mbrojtjen e ambientit jetësor të SHBA-së (Environment Protection Agency EPA) më 19 dhe 21 nëntor 2019, në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së i prezantoi përvojat për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese në sferën e ndotjes së ajrit, sipas rregullores ligjore të SHBA-së. Këtë trajnim BNJVL-ja e organizoi në bashkëpunim me Ambasadën e SHBA-së në vendin tonë, në të cilin u ftuan anëtarët e Rrjetit të ambientit jetësor të BNJVL-së. Përvojat që u prezantuan, në masë të madhe do të ndihmojnë edhe për krijimin e qëndrimeve të ardhshme të këtij Rrjeti gjatë inicimit të iniciativave të caktuara ligjore për përmirësimin e mbrojtjes së ambientit jetësor, si dhe të kushteve të inspektimit në vendin tonë.

Në fillim të prezantimit, inxhinierja Schafer foli për lidhshmërinë e ndotjes së ajrit me përkeqësimin e shëndetit të njerëzve si dhe me përkeqësimin e ekonomisë në një vend, duke theksuar shpenzimet e trajtimit mjekësor, mungesën e punonjësve nga puna dhe e ngjashme. Ajo informoi se sipas të dhënave të Organizatës Botërore të Shëndetësisë, vendi ynë gjendet lart në listën e vendeve më të ndotura me grimca PM. Pastaj, të pranishmit patën mundësinë të dëgjojnë se si zbatohet procedura e inspektimit në SHBA në rast të ndotjes së ambientit jetësor. U theksua se fillimisht fillohet me targetim të personit juridik në të cilin do të kryhet mbikëqyrja, pastaj bëhen përgatitje për mbrojtje personale të inspektorit, identifikohen dhe sigurohen instrumentet që do të përdoren gjatë mbikëqyrjes dhe përgatitet një "listë kontrolli" e cila i dërgohet personit juridik të paktën tre ditë para kryerjes së mbikëqyrjes.

Agjencia për ambient jetësor në SHBA i kategorizon subjektet juridikë – ndotës sipas më shumë kategorish, ndër të cilat janë: zona në të cilën gjenden ato, rreziku i materieve që i përdorin dhe i lëshojnë, historia e tyre si "shkelës" të normave ligjore nga sfera e ambientit jetësor,



како „прекршители" на законските норми од областа на животна средина, зачестеноста на поплаките на граѓаните од нивното работење и слично. Ваквите бази на податоци со кои располага инспекторот, во голема мера му помагаат подобро да се „запознае" со правниот субјект, пред да излезе на терен. Всушност, од тоа зависи дали инспекторот за подготовката за вршење на надзорот ќе потроши неколку дена или неколку недели, кои инструменти ќе му бидат потребни и каква опрема за лична заштита ќе земе за вршење на надзорот. Чизми, безбедносни очила, елек, ракавици, респиратор, скафандер и слично влегуваат во најосновната опрема за лична заштита. Од основните уреди се земаат: апарат за утврдување на нивото на кислород во просторијата, на јаглерод моноксид, радијација и слично. Како задолжителна подготвителна обврска за инспекторот е и подготовката на План за здравје и безбедност за итни случаи, каде мора да бидат утврдени очекувани опасности, начин како да се спречат доколку настанат, утврдена мапа за најбрзо стигнување до најблиската болница, и слично. Исто така, инспекторот задолжително подготвува и „Листа за проверка" која се доставува до правниот субјект, неколку дена пред започнувањето на надзорот и содржи информации за сè што се планира да биде предмет на надзор. Освен најавените инспекциски контроли, често е вршењето и на ненајавени контроли, кои се утврдени во согласност со законот.

Самиот надзор започнува со разговор со надлежни раководители за тоа какви материјали се користат, кој отпад се генерира, каде се депонира, каде се исфрла водата, односно инспекторот се запознава како функционира целиот процес. Потоа се врши обиколка, кога се земаат примероци од материјалите кои се користат, од отпадот што се создава и слично, дополнително се разговара со работниците и се евидентираат податоци од поставените инструменти. Во завршната фаза повторно се организира состанокот на кој се воочуваат потенцијалните причини за хаварии, воочените нерегуларности во работењето, утврдените податоци од инструментите и сето тоа се запишува во Извештај. Записникот мора да биде прецизен, бидејќи тој може да биде користен и во судската постапка во која учествува и инспекторот. На овој состанокот се утврдува и начинот на заштита на личните податоци, но и обврската на заштита на „тајните на процесот на производство" што ги има корпорацијата.

shpeshtësia e ankesave të qytetarëve për punën e tyre dhe e ngjashme. Bazat e këtilla të të dhënave që i ka në dispozicion inspektori, në masë të madhe e ndihmojnë atë që të marrë më shumë informacione për subjektin juridik para se të dilte në terren. Faktikisht, nga ajo varet nëse inspektorit për përgatitjen e kryerjes së mbikëqyrjes do t'i nevojiten disa ditë ose disa javë, cilat instrumente do t'i nevojiten dhe cilën pajisje për mbrojtje personale do ta marrë për ta kryer mbikëqyrjen. Çizmet, syzet e sigurisë, jeleku, dorezat, respiratori, skafandri dhe sendet e ngjashme janë pajisjet themelore për mbrojtje personale. Nga aparatet themelore përdoren: aparati për matjen e nivelit të oksigjenit, monoksidit të karbonit, rrezatimit në hapësirë dhe e ngjashme. Si obligim i domosdoshëm për përgatitjen e inspektorit është edhe përgatitja e një Plani të shëndetit dhe sigurisë për raste emergjente, ku duhet të përcaktohen rreziqet e pritura, mënyra se si të parandalohen ato nëse ndodhin, harta se si të arrihet sa më shpejt deri te spitali më i afërt etj. Gjithashtu, inspektori është i detyruar të përgatisë edhe një "listë kontrolli" e cila i dërgohet subjektit juridik disa ditë para fillimit të mbikëqyrjes dhe përmban informacione për gjithçka që është planifikuar të jetë objekt i mbikëqyrjes. Përveç kontrolleve të paralajmëruara të inspektimit, shpesh kryhen edhe kontrolle të paparalajmëruara, të cilat kryhen në përputhje me ligj.

Vetë mbikëqyrja fillon me bisedë me udhëheqësit kompetentë për atë se cilat materiale përdoren, cilat mbeturina gjenerohen, ku deponohen ato, ku lëshohet uji, gjegjësisht inspektori merr informacione se si funksionon i gjithë procesi. Pastaj kryhet kontrolli, kur merren ekzemplarë nga materialet që përdoren, nga mbeturinat që krijohen dhe e ngjashme, bisedohet në mënyrë shtesë me punëtorët dhe evidentohen të dhënat nga instrumentet e vendosura. Në fazën përfundimtare sërish organizohet takim në të cilin konstatohen arsyet potenciale për fatkeqësi, parregullsitë e konstatuara në punë, të dhënat e marra nga instrumentet dhe të gjitha këto shkruhen në Raport. Procesverbali duhet të jetë i saktë, sepse i njëjti mund të përdoret edhe në procedurë gjyqësore në të cilën merr pjesë edhe inspektori. Në këtë takim përcaktohet edhe mënyra e mbrojtjes së të dhënave personale, por edhe obligimi për mbrojtjen e "sekreteve të procesit të prodhimit" që i ka korporata.



# ИНСПЕКТОР - „ПОПРИМАМЛИВА ПРОФЕСИЈА", ЕДНА ОД БРОЈНИТЕ ПОВОЛНОСТИ ВО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# INSPEKTOR – "PROFESION MË TËRHEQËS", NJË NGA BENEFITET E SHUMTA TË LIGJIT TË RI PËR MBIKËQYRJE INSPEKTUESE



Од 30 ноември, 2019 година на сила стапува новиот Закон за инспекциски надзор (Сл. весник, бр.102 од мај 2019 година). По тој повод, ЗЕЛС во соработка со Инспекцискиот совет, на 20 ноември, 2019 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, организираше обука за раководителите на инспекциските служби од локалната власт. Стручен тим од Инспекцискиот совет на присутните им ги посочи најзначајните обврски што произлегуваат од овој Закон кои се однесуваат и на општините. Беше истакнато дека со новите законски одредби се надминуваат досега често посочуваните конфузни и нејасни одредби кои биле тешко применливи во практичното работење. Беше нагласено дека главната идеја на новиот Закон е инспекциските служби да не се доживуваат како репресивен орган, туку нивната улога првенствено да биде превентивна и информативна, од тие причини воведена е опомената, како инспекциска мерка. Посветено е внимание и на предвидливоста на постапката, како и на обезбедувањето на соодветни услови за да се направи инспекторската служба „попримамлива" професија.

Присутните беа информирани дека инспекторите чие образование е во согласност со материјалните закони од областа во која го вршат инспекцискиот надзор и кои имаат добиено решение и овластување од градоначалникот, не треба да полагаат испит за добивање на лиценца. Тие најдоцна до крајот на февруари, следната година, од Инспекцискиот совет ќе добијат легитимација и значка кои задолжително треба да ги покажат при вршењето на инспекциски надзор. Полагањето на испитот е задолжително за инспекторите кои ќе бидат вработени по 30 ноември, 2019 година. За

Nga 30 nëntori 2019 hyn në fuqi Ligji i ri për mbikëqyrje inspektuese (Gazeta zyrtare nr. 102 nga muaji maj 2019). Me këtë rast, BNJVL-ja në bashkëpunim me Këshillin e inspektimit, më 20 nëntor 2019, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së organizoi trajnim për udhëheqësit e shërbimeve të inspektimit të pushtetit lokal. Një ekip ekspertësh nga Këshilli i inspektimit theksoi para të pranishmëve obligimet që dalin nga ky Ligj dhe të cilat u referohen komunave. U theksua se me dispozitat e reja ligjore tejkalohen dispozitat e deritanishme që ishin shpesh të theksuara si konfuze dhe të paqarta dhe të cilat zbatoheshin vështirë në punën praktike. U theksua se ideja kryesore e Ligjit të ri është që shërbimet e inspektimit të mos shihen si organ represiv, por roli i tyre në radhë të parë të jetë preventiv dhe informativ dhe për këtë shkak është aplikuar paralajmërimi si masë inspektuese. Vëmendje i kushtohet edhe parashikueshmërisë së procedurës, si dhe sigurimit të kushteve adekuate me qëllim që të bëhet shërbimi i inspektimit profesion "më tërheqës".

Të pranishmit u informuan se inspektorët, arsimi i të cilëve është në përputhje me ligjet materiale të sferës në të cilën kryejnë mbikëqyrjen inspektuese dhe të cilët kanë marrë vërtetim ose autorizim nga kryetari i komunës, nuk duhet të kalojnë provim për të marrë licencë. Ata më së voni deri në fund të muajit shkurt të vitit të ardhshëm do të marrin nga Këshilli i inspektimit legjitimacion dhe shenjë, të cilat duhet t'i tregojnë domosdoshmërish gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese. Kalimi i provimit është i domosdoshëm për inspektorët që do të punësohen pas datës 30 nëntor 2019.

да добијат лиценца, тие ќе следат тримесечна теоретска настава и треба да имаат деветмесечна практична работа во општината. Со новиот Закон лиценцата има трајна важност.

Во согласност со новите услови за вршење на инспекциска служба, општините ќе треба да направат и усогласувања на систематизацијата на работните места. Претставниците од Инспекцискиот совет апелираа до општините што поскоро да ги доставаат списоците со податоци за видот на инспекторите што ги имаат во својата општина. Беше укажано дека 42 општини сè уште не доставиле податоци до Советот. Пријавувањето треба да се направи што поскоро за да може инспекторите навремено да добијат лиценца, како и потребните документи за претставување при вршењето на инспекцискиот надзор.

Претставниците од Инспекцискиот совет информираа дека се изготвени и низа подзаконски акти (правилници, упатства..) кои се одобрени од Советот, а дел од нив веќе се излезени во Службен весник (на 19 ноември, 2019 година). Беше нагласено дека е објавено и Упатството за доделување на парична награда за инспектор. Во него се предвидува годишно зголемување на платата на инспекторот од 10%, поради бројните ризици со кои тие се соочуваат при спроведувањето на надзорите, а олеснети се и условите за да се стане инспектор, односно дадена е можност за ова работно место да конкурира и лице кое нема работно искуство во оваа професија. Законот предвидува и задолжителна обука, која претставува право, но и обврска за инспекторот.

Во делот на законските измени со кои се нагласува предвидливоста на инспекциската постапка, во најголем број случаи утврдено е вршењето на инспекцискиот надзор да биде најавено најмалку три дена на субјектите кај кои ќе се спроведува. Притоа, треба да се достави и „листа за проверка" во која е утврдено што ќе биде предмет на инспекција. Беше посочено дека е изготвено и Упатство за изработка на листата за проверка.

Во опсежната дискусија беа посочени и можностите за префрлање на инспекторите од една во друга област на инспекторирање, во рамките на истата општина, а стана збор и за префрлање по вертикална линија. На прашањето дали и раководителите треба да вршат надзор беше посочено дека тие треба да ги инспекторираат најсложените случаи, од областа од која имаат лиценца. Стана збор и за инспекторите за домување, кои воопшто не спаѓаат под Инспекцискиот совет и затоа не се опфатени со активностите што ги спроведува ова тело. Беше посочено дека интенцијата е инспекторите за домување да бидат дел од Инспекцискиот совет и дека се иницира ова прашање да биде дополнително разгледувано.



Për të marrë licencë, ata do të ndjekin mësim tremujor teorik dhe duhet të kenë punë nëntëmujore praktike në komunë. Me Ligjin e ri, licenca ka vlefshmëri të përhershme.

Në përputhje me kushtet e reja për kryerjen e shërbimit të inspektimit, komunat do të duhet të bëjnë edhe harmonizime të sistematizimit të vendeve të punës. Përfaqësuesit e Këshillit të inspektimit u bënë thirrje komunave që t'i dërgojnë sa më shpejt listat me të dhëna për llojin e inspektorëve që i kanë në komunën e tyre. U theksua se 42 komuna ende nuk kanë dërguar të dhëna deri te Këshilli. Paraqitja duhet të bëhet sa më shpejt që të mund inspektorët të fitojnë me kohë licencën dhe dokumentet e nevojshme që të mund të prezantohen gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

Përfaqësuesit e Këshillit të inspektimit informuan se janë përgatitur edhe një sërë aktesh nënligjore (rregullore, udhëzime...) që janë miratuar nga Këshilli, e një pjesë prej tyre tashmë kanë dalë në Gazetën Zyrtare (më 19 nëntor 2019). U theksua se është publikuar edhe Udhëzimi për dhënien e shpërblimit në të holla për inspektor. Në të parashihet rritja vjetore e rrogës së inspektorit për 10% për shkak të rreziqeve të shumta me të cilat ballafaqohen ata gjatë zbatimit të mbikëqyrjes, ndërsa janë lehtësuar edhe kushtet për t'u bërë inspektor, përkatësisht jepet mundësi që për këtë vend pune të konkurrojë edhe personi i cili nuk ka përvojë pune në këtë profesion. Ligji parasheh edhe një trajnim të detyrueshëm, i cili është e drejtë, por edhe obligim për inspektorin.

Në pjesën e ndryshimeve ligjore me të cilat theksohet parashikueshmëria e procedurës së inspektimit, në shumicën e rasteve është paraparë që subjektet në të cilat do të kryhet mbikëqyrja inspektuese të njoftohen të paktën tri ditë para kryerjes së inspektimit. Gjithashtu duhet të dërgohet edhe "listë kontrolli" në të cilën është shkruar se çfarë do të inspektohet. U theksua se është përgatitur edhe Udhëzim për përgatitje të listës së kontrollit.

Në diskutimin e gjerë u theksuan edhe mundësitë për transferimin e inspektorëve nga një sferë në sferë tjetër të inspektimit, në kuadër të komunës së njëjtë, ndërsa u bë fjalë edhe për transferim sipas vijës vertikale. Në pyetjen nëse edhe udhëheqësit duhet të kryejnë mbikëqyrje, u theksua se ata duhet t'i inspektojnë rastet më komplekse nga sfera nga e cila kanë licencë. U bë fjalë edhe për inspektorët e strehimit, të cilët fare nuk janë nën kompetencë të Këshillit të inspektimit dhe prandaj ata nuk janë përfshirë me aktivitetet që i zbaton ky trup. U theksua se qëllimi është që inspektorët e strehimit të jenë pjesë e Këshillit të inspektimit dhe se iniciohet që kjo çështje të shqyrtohet në mënyrë shtesë.



## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И СЛЕДНИТЕ ЧЕКОРИ ВО ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАЊЕТО НА ВЛАСТА ВО НАШАТА ЗЕМЈА

„Зајакнување на заедниците: нов моментум за децентрализацијата", беше насловот на конференцијата за децентрализацијата и локалната власт што се одржа на 21 ноември, 2019, во Скопје, во организација на УНДП, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС. На конференцијата присуствуваа градоначалници, претседатели на општински совети, меѓународни и домашни експерти, а уводни обраќања имаа: премиерот на Република Северна Македонија, Зоран Заев; шефот на Делегацијата на Европската Унија во нашата земја, Самуел Жбогар; министерот за локална самоуправа, Горан Милевски и постојаната претставничка на Програмата за развој на Обединетите нации, Нарине Сахакјан. Пред присутните се обрати и претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, кој говореше за досега преземените чекори за унапредување на системот на локалната власт.

-„ Имплементацијата на процесот на децентрализацијата во нашата земја што започна пред речиси петнаесет години претставува доволно голема бројка за преземање на нов чекор за натамошно зајакнување на локалната власт. ЗЕЛС во континуитет ги нотираше сите предизвици со кои се соочуваа општините при спроведувањето на надлежностите. Истите ги преточувавме во „систематизирани ставови" кои ги доставувавме до централната власт. Минатата година, Управниот одбор на ЗЕЛС имаше заедничка средба со премиерот на која добивме поддршка заедно со централната власт да влеземе во сериозен процес на продлабочување на децентрализацијата, со постепено префрлање на нови надлежности од централно на локално ниво. И оттогаш работите тргнаа многу поинтензивно. Се формира мешовито работно тело со претставници од ЗЕЛС, министерот за локална самоуправа и претставници од други министерства. ЗЕЛС, како и секогаш, истапи со подготвен предлог-концепт, кој оди во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт."- рече Шилегов.

## KONFERENCË PËR GJENDJET DHE HAPAT E ARDHSHËM NË DECENTRALIZIMIN E PUSHTETIT NË VENDIN TONË

"Përforcimi i bashkësive: moment i ri për decentralizimin", ishte titulli i konferencës për decentralizimin dhe pushtetin lokal që u mbajt më 21 nëntor 2019, në Shkup, në organizim të UNDP-së, Ministrisë së Vetëqeverisjes Lokale dhe BNJVL-së. Në konferencë morën pjesë kryetarë komunash, kryetarë të këshillave komunalë, ekspertë ndërkombëtarë dhe vendas, ndërsa fjalime hyrëse patën Kryeministri i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Zoran Zaev; Shefi i Delegacionit të Bashkimit Evropian në vendin tonë, Samuel Zhbogar; Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Goran Milevski dhe përfaqësuesja e përhershme e Programit për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara, Narine Sahakyan. Të pranishmëve iu drejtua edhe kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, i cili foli për hapat e ndërmarrë deri më tani për avancimin e sistemit të pushtetit lokal.

- "Implementimi i procesit të decentralizimit në vendin tonë që filloi para pothuajse pesëmbëdhjetë vjetësh është një numër mjaft i madh për ndërmarrjen e një hapi të ri për përforcimin e mëtejshëm të pushtetit lokal. BNJVL-ja në vazhdimësi i shënonte të gjitha sfidat me të cilat ballafaqoheshin komunat gjatë zbatimit të kompetencave. Të njëjtat i shndërronim në "qëndrime të sistematizuara" të cilat ia dërgonim pushtetit qendror. Vitin e kaluar, Bordi drejtues i BNJVL-së pati takim të përbashkët me Kryeministrin, në të cilin morëm mbështetje që së bashku me pushtetin qendror të hyjmë në proces serioz të thellimit të decentralizimit, me transferim gradual të kompetencave të reja nga niveli qendror në atë lokal. Dhe nga atëherë punët filluan të realizohen në mënyrë shumë më intensive. U formua një trup i përzier punues me përfaqësues nga BNJVL-ja, Ministri i Vetëqeverisjes Lokale dhe përfaqësues nga ministri të tjera. BNJVL-ja, si çdoherë, doli me një propozim - koncept të përgatitur, i cili shkon në tri drejtime: decentralizimi fiskal, zgjerimi i kompetencave të NJVL-ve dhe ndryshime në organizimin e pushtetit lokal" – tha Shilegov.



Тој во своето обраќање изрази оптимизам дека и покрај драстичните промени на политички план во земјава, сепак на почетокот на 2020 година ќе се реализира дел од планираното. –„Особено ме радува што Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство прифати голем број наши барања за децентрализирање на одредени надлежности во оваа област, па дури истите и ги дополни", посочи Шилегов, додавајќи дека делумно позитивни сигнали засега пристигаат и од останатите министерства. –„ Мислам дека ќе успееме да прецизираме одредени законски одредби кои треба да претрпат измени и дека истите ќе поминат во собраниска процедура пред распуштањето на Собранието за предвремените парламентарни избори во април", истакна Шилегов.

Како најголем приоритет за локалните власти, претседателот на ЗЕЛС го нагласи обезбедувањето на поголема финансиска стабилност на општините. –„Она од што не отстапуваме е барањето да се обезбедат доволно средства за извршување на постојните надлежности што веќе ги имаат општините, а потоа да следи префрлање на нови, се разбира задолжително проследени со адекватни финансиски средства за нивна реализација. Впрочем како што е предвидено и во Европската повелба на локалните власти", рече Шилегов, по што ги наброја сите конкретни предлози што ги утврди ЗЕЛС, во насока на продлабочување на децентрализацијата на власта во нашата земја.

Она што го потенцираше претседателот на ЗЕЛС е потребата од поголема ажурност на локалните власти за преземање на активности за зголемување на сопствените приходи, особено во делот на данокот на имот. Тој апелираше до сите градоначалници да ја обноват базата на податоци на даночни обврзници во однос на плаќањето на данокот на имот, потоа да извршат репроценка на даночната основица, според актуелната методологија и да се стремат кон зголемување на стапката на данок на имот, во рамките на дадените законски можности, од сегашните 0,1% на 0,2%. Одредени финансиски извештаи покажуваат дека локалните власти „изгубиле" приход по основ на данок на имот од над 400 милиони евра и тоа според постојната, неревидирана база на податоци и пресметки по старата методологија.

На Конференцијата беа презентирани повеќе извештаи и анализи меѓу кои : презентација на „Интегралниот извештај за 2018 - средината на 2019 година за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за 2015-2020 година"; потоа Годишниот аналитички извештај за општинските приходи и расходи за 2018 година и потенцијалното користење на општинските обврзници како лек за финансиска независност од државниот буџет; Истражувањето на задоволството на граѓаните; беа изнесени и одредени искуства од локални власти од регионот во

Ai në fjalimin e tij shprehu optimizëm se edhe krahas ndryshimeve dramatike të planit politik në vend, megjithatë, në fillim të vitit 2020 do të realizohet një pjesë e punëve të planifikuara. – "Më gëzon sidomos që Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave pranoi shumë nga kërkesat tona për decentralizimin e kompetencave të caktuara të kësaj sfere, madje i plotësoi të njëjtat" theksoi Shilegov, duke shtuar se sinjale pjesërisht pozitive për tani vijnë edhe nga ministritë e tjera. – "Mendoj se do të arrijmë të precizojmë dispozita të caktuara ligjore të cilat duhet të ndryshohen dhe se të njëjtat do të kalojnë në procedurë parlamentare para shpërbërjes së Kuvendit për zgjedhjet e parakohshme parlamentare në prill", theksoi Shilegov.

Si prioritet më i madh për autoritetet lokale, kryetari i BNJVL-së e theksoi sigurimin e stabilitetit më të madh financiar të komunave. – "Ajo gjë nga e cila nuk heqim dorë është kërkesa të sigurohen mjete të mjaftueshme për kryerjen e kompetencave ekzistuese të cilat tashmë i kanë komunat, e pastaj të vijojë transferimi i kompetencave të reja, të cilat, kuptohet, domosdoshmërish duhet të shoqërohen me mjete adekuate financiare për realizimin e tyre. Në fund të fundit, kjo është paraparë edhe në Hartën Evropiane të autoriteteve lokale", tha Shilegov dhe i numëroi të gjitha propozime konkrete që i ka përcaktuar BNJVL-ja në drejtim të thellimit të decentralizimit të pushtetit në vendin tonë.

Atë që e potencoi kryetari i BNJVL-së është nevoja që autoritetet lokale të jenë më aktive për ndërmarrje të aktiviteteve për rritje të të ardhurave vetanake, sidomos në pjesën e tatimit të pronës. Ai u bëri thirrje të gjithë kryetarëve të komunave që ta azhurnojnë bazën e të dhënave të tatimpaguesve në raport me pagesën e tatimit të pronës, pastaj të kryejnë rivlerësim të bazës tatimore sipas metodologjisë aktuale dhe të synojnë drejt rritjes së shkallës së tatimit të pronës, në kuadër të mundësive të dhëna ligjore, nga 0.1% sa është tani në 0.2%. Raporte të caktuara financiare tregojnë se autoritetet lokale "kanë humbur" të ardhura në bazë të tatimit të pronës në vlerë prej mbi 400 milionë euro edhe atë sipas bazës aktuale dhe të parishikuar të të dhënave dhe llogaritjeve sipas metodologjisë së vjetër.

Në konferencë u prezantuan më shumë raporte dhe analiza, ndër të cilat: prezantimi i Raportit integral për vitin 2018 – mesin e vitit 2019 për zbatimin e Programit të zhvillimit të qëndrueshëm lokal dhe decentralizimit për vitet 2015-2020; pastaj Raporti vjetor analitik për të ardhurat dhe të dalat komunale për vitin 2018 dhe përdorimin potencial të obligacioneve komunale si ilaç për pavarësinë financiare nga buxheti shtetëror; Hulumtimi i kënaqësisë së qytetarëve; u prezantuan edhe përvoja të caktuara të autoriteteve lokale të rajonit në drejtim të






насока на подобрување на ефективноста на наплатата на локалните даноци; решенија за одржлив развој и слично.

**Предлог- концепт на ЗЕЛС**

Во делот на фискалната децентрализација се предлага да се зголеми зафаќањето од ДДВ од сегашните 4,5% на 10%, во полза на општините и зафаќањето од сегашните 3% на 50% од персоналниот данок на доход. Потоа, дел од приходите од Законот за игри на среќа и забавни автомати да биде приход на ЕЛС; етапно да се зголемува стапката на данок на имот; да се интегрираат капиталните дотации во една капитална дотација со неколку потсистеми и нивна распределба според објективни, правични и транспарентни критериуми. Тука да се вклучи потребата од воспоставување на систем за финансиско воедначување за помош на ЕЛС со недоволно финансиски и даночни потенцијали; овозможување на подобар пристап за задолжување на општините на домашниот и меѓународниот пазар на капитал; основање на Фонд за локален развој и друго. Во однос на проширувањето на надлежностите на ЕЛС, предложено е тоа да се направи во повеќе области. Од Министерството за земјоделие веќе прифатија да се префрли правото на управување со земјоделското земјиште, шумите, пасиштата, а дополнително се понудени и други надлежности за локалната власт. Во областа на културата, направени се анализи за префрлање на повеќе културни национални установи на локално ниво. Во однос на создавање на општинска комунална полиција, Министерството за внатрешни работи изнесе одредени забелешки – „за" и „против", а слични се ставовите и по барањето за пренесување на дел од управните работи на МВР и Управата за водење на матични книги. Општините најмногу се залагаат за преземање на надлежности од центрите за социјална работа, за што Министерството за труд и социјална политика посочува дека првенствено треба да се почека „заживувањето" во имплементирањето на новините од новиот Закон за социјална заштита, па потоа да се пристапи кон префрлање на одредени надлежности. Барањата за преземање на надлежности на локално ниво на делот на примарната здравствена заштита, засега се разгледуваат во матичното министерство, од каде досега нема многу позитивни сигнали, но преговорите ќе продолжат.

Предлозите за промени во организацијата на локалната власт одат во насока на утврдување на можностите за напуштање на монотипниот вид на ЕЛС и востановување на политипен вид на ЕЛС, со различни надлежности (изборни и задолжителни) во зависност од големината, економската моќ и изградените потенцијали на општината; потоа преиспитување на правниот статус на урбаните и на месните заедници и нивните надлежности; избегнување на паралелните надлежности на Град Скопје и општините во него, промени во составот на Советот на општината и слично. За овој дел потребна е поопсежна анализа и дискусија.



përmirësimit të efektivitetit të mbledhjes së donacioneve lokale; zgjidhje për zhvillim të qëndrueshëm etj.

**Propozim – koncepti i BNJVL-së**

Në pjesën e decentralizimit fiskal propozohet të rritet përqindja e TVSH-së nga 4.5% sa është tani në 10%, në dobi të komunave dhe përqindja e tatimit të të ardhurave personale nga 3% sa është tani në 50%. Pastaj, një pjesë e të ardhurave të Ligjit për lojërat e fatit dhe automatet argëtuese të jenë të ardhura të NJVL-ve; të rritet gradualisht shkalla e tatimit të pronës; të integrohen dotacionet kapitale në një dotacion kapital me disa nënsisteme dhe shpërndarje e tyre sipas kritereve objektive, të drejta dhe transparente. Këtu të përfshihet nevoja për krijimin e një sistemi për barazim financiar për të ndihmuar NJVL-të me potenciale të pamjaftueshme financiare dhe tatimore; mundësimi i një qasjeje më të mirë për komunat që të marrin kredi në tregun vendas dhe ndërkombëtar të kapitalit; themelimi i një Fondi të zhvillimit lokal etj.

Në lidhje me zgjerimin e kompetencave të NJVL-ve, është propozuar që ajo gjë të bëhet në më shumë sfera. Nga Ministria e Bujqësisë tashmë pranuan që të transferohet e drejta e menaxhimit të tokës bujqësore, pyjeve dhe kullotave, ndërsa në mënyrë shtesë janë ofruar edhe kompetenca të tjera për pushtetin lokal. Në sferën e kulturës, janë bërë analiza për transferimin e më shumë institucioneve kulturore nacionale në nivel lokal. Në lidhje me formimin e një policie komunale të komunës, Ministria e Punëve të Brendshme nxori vërejtje të caktuara – "për" dhe "kundër", ndërsa të ngjashme janë edhe qëndrimet lidhur me kërkesën për transferimin e një pjese të punëve administrative të MPB-së dhe Zyrës së menaxhimit të librave amë. Komunat më së shumti angazhohen për ndërmarrjen e kompetencave të qendrave për punë sociale, për të cilën gjë Ministria e Punës dhe Politikës Sociale thekson se në radhë të parë duhet të pritet "ringjallja" e implementimit të risive të Ligjit të ri për mbrojtje sociale, e pastaj të bëhet transferimi i kompetencave të caktuara. Kërkesat për ndërmarrjen e kompetencave në nivel lokal në pjesën e mbrojtjes primare shëndetësore tani për tani shqyrtohen në Ministrinë e Shëndetësisë, prej nga deri tani nuk ka shumë sinjale pozitive, por negociatat do të vazhdojnë.

Propozimet për ndryshime në organizimin e pushtetit lokal shkojnë në drejtim të përcaktimit të mundësive për braktisjen e llojit monotip të NJVL-ve dhe vendosjen e një lloji politip të NJVL-ve, me kompetenca të ndryshme (zgjedhore dhe të detyrueshme) varësisht nga madhësia, fuqia ekonomike dhe potencialet e ndërtuara të komunës; pastaj rishikimi i statusit juridik të bashkësive urbane dhe vendore dhe kompetencat e tyre; shmangia e kompetencave paralele të Qytetit të Shkupit dhe komunave në të, ndryshime në përbërjen e Këshillit të komunës dhe e ngjashme. Për këtë pjesë nevojitet analizë dhe diskutim më i gjerë.



## ПРЕЗЕНТИРАН „НАЦИОНАЛНИОТ ПОРТАЛ НА Е-УСЛУГИ“ ПРЕД ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

## “PORTALI NACIONAL I E-SHËRBIMEVE” PREZANTOHET PARA PËRFAQËSUESVE TË PUSHTETIT LOKAL



До крајот на декември оваа година се најавува да биде пуштен во употреба „Националниот портал на е-услуги“ (www.uslugi.gov.mk) чија основна функција е да обезбедува електронски услуги за граѓаните што ги нудат државните институции, како и бројни информации за постапките и документите кои се потребни за да се реализираат услугите. Порталот располага и со „интерактивна мапа“ од каде граѓаните може да ја видат локација, контакт телефоните и други корисни податоци за институциите. ЗЕЛС, во соработка со општините, а по барање на Министерството за информатичко општество, обезбеди услови за организирање на регионални презентации на овој електронски портал. Претставниците од локалните власти од општините од Скопскиот, Полошкиот и Југозападниот регион ја проследија презентацијата на 25 ноември, 2019 година во просториите на ЗЕЛС и во административните згради на општините: Тетово и Струга. Во општините: Куманово, Битола и Струмица на 26 ноември, 209 година беа реализирани презентациите за претставниците од локалните власти од Североисточниот, Пелагонискиот и Југоисточниот плански регион, а на 27 ноември, 2019 година презентации беа одржани во општините: Велес и Штип за локалните претставници од Вардарскиот и од Источниот плански регион.

На средбите беше потенцирана и улогата на локалните власти за поддршката што треба да им ја дадат на граѓаните при нивното евидентирање во „Електронскиот централен регистер на население на Република Северна Македонија“. Беше посочено дека најголем дел од податоците на граѓаните во овој Регистар се преземени од системот на УЈП, но бидејќи пријавувањето не беше задолжително за целото население, постојат граѓани кои сè уште не се евидентирани (пример голем дел од пензионерите). Затоа тие ќе имаат можност да се обратат во локалната власт, каде ќе им биде креиран кориснички профил. За да ја вршат оваа обврска, ќе бидат ангажирани лица од администрацијата на општината, кои претходно ќе добијат овластување од МИОА за привилегии за пристап до системот. Беше посочено дека локалната власт при вршењето на овие активности ќе добие поддршка од ИТ-администраторите на МИОА.

Deri në fund të dhjetorit të këtij viti paralajmërohet se do të lëshohet në përdorim “Portali nacional i e-shërbimeve” (www.uslugi.gov.mk), funksioni themelor i të cilit është të sigurojë shërbime elektronike për qytetarët të cilat i ofrojnë institucionet shtetërore, si dhe informacione të shumta për procedurat dhe dokumentet që janë të nevojshme për t'u realizuar shërbimet. Portali ka në dispozicion edhe “hartën interaktive” në të cilën qytetarët mund ta shohin lokacionin, telefonat për kontakt dhe të dhënat e tjera të dobishme për institucionet. BNJVL-ja në bashkëpunim me komunat, e me kërkesë të Ministrisë së Shoqërisë Informatike siguroi kushte për organizimin e prezantimeve rajonale të këtij portali elektronik. Përfaqësuesit e autoriteteve lokale të komunave të Rajonit të Shkupit, Pollogut dhe Jugperëndimor ndoqën prezantimin që u mbajt më 25 nëntor 2019 në hapësirat e BNJVL-së dhe në ndërtesat administrative të komunave të Tetovës dhe Strugës. Në komunat e Kumanovës, Manastirit dhe Strumicës, më 26 nëntor 2019 u realizuan prezantimet për përfaqësuesit e autoriteteve lokale të Rajonit planifikues Verilindor, të Pellagonisë dhe Juglindor, ndërsa më 27 nëntor 2019 prezantime u mbajtën në komunat e Velesit dhe Shtipit për përfaqësuesit e autoriteteve lokale të Rajonit planifikues të Vardarit dhe Lindor. Në takimet u theksua edhe roli i autoriteteve lokale për përkrahjen që duhet t'ua japin qytetarëve gjatë evidentimit të tyre në “Regjistrin elektronik qendror të qytetarëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut”. U theksua se pjesa më e madhe e të dhënave të qytetarëve në këtë regjistër janë marrë nga sistemi i DHP-së, por sepse regjistrimi nuk ishte i domosdoshëm për të gjithë popullatën, ka qytetarë të cilët ende nuk janë evidentuar (për shembull një pjesë e madhe e pensionistëve). Prandaj ata do të kenë mundësi t'i drejtohen pushtetit lokal ku do të krijohet profili i tyre përdorues. Për ta kryer këtë obligim, do të angazhohen persona nga administrata e komunës, të cilët paraprakisht do të fitojnë autorizim nga Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës (MSHIA) për privilegje për të pasur qasje në sistem. U theksua se pushteti lokal gjatë kryerjes së këtyre aktiviteteve do të fitojë mbështetje nga administratorët për teknologji informatike të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

Регистарот на население овозможува собирање на податоци за физички лица и нивно користење од страна на надлежните институции за потребите на нивните управни постапки. Регистарот им овозможува на институциите кои работат со личните податоци на граѓаните, тука да ги најдат најновите и најпрецизни податоци за граѓаните без потреба од рачно одржување и ажурирање. Регистарот на граѓани ќе биде основа за креирање на единствен електронски број на граѓанинот. Понатаму, овој број ќе биде клучен за системите кога граѓанинот ќе побара услуга од институциите. Со пуштање во употреба на Регистарот на население, а многу скоро и на Националниот портал за е-услуги, ќе се обезбеди едно повисоко ниво на пристап до податоците на граѓаните, а ќе се обезбеди и посебна заштита на личните податоци. Присутните претставници од општините беа информирани дека се утврдени повеќе од 1.300 услуги што ги даваат државните институции, од нив досега во „Националниот портал на е-услуги" комплетно се верифицирани повеќе од 600 услуги, од кои дел може комплетно да се реализираат по електронски пат. Беше објаснето дека при регистрирањето на системот, граѓаните ќе имаат можност да изберат едно од трите понудени нивоа, кои нудат и различен степен на привилегии што може да се користат. Основното ниво нуди најбазични информации, а третото ниво ќе може да го користат лицата кои имаат електронски потпис и ќе овозможи комплетна реализација на услугата по електронски пат. Беше најавено дека во следната фаза, овој систем ќе биде надграден и со услуги за бизнис заедницата.

Regjistri i qytetarëve mundëson mbledhjen e të dhënave për persona fizikë dhe përdorimin e tyre nga ana e institucioneve kompetente për nevojat e procedurave të tyre administrative. Regjistri u mundëson institucioneve të cilat punojnë me të dhënat personale të qytetarëve, t'i gjejnë këtu të dhënat më të reja dhe më të sakta për qytetarët pa pasur nevojë për mirëmbajtje manuale dhe azhurnim. Regjistri i qytetarëve do të jetë bazë për krijimin e numrit unik elektronik të qytetarit. Pastaj, ky numër do të jetë kyç për sistemet kur qytetari do të kërkojë shërbim nga institucionet. Më lëshimin në përdorim të Regjistrit të qytetarëve, e shumë shpejt edhe të Portalit nacional të e-shërbimeve, do të sigurohet nivel më i lartë i qasjes deri te të dhënat e qytetarëve, ndërsa do të sigurohet edhe mbrojtje e veçantë e të dhënave personale. Përfaqësuesit e pranishëm të komunave u informuan se janë përcaktuar më shumë se 1.300 shërbime që i japin institucionet shtetërore, ndërsa prej tyre në "Portalin nacional të e-shërbimeve" deri më tani janë verifikuar tërësisht më shumë se 600 shërbime, një pjesë prej të cilave mund të realizohen tërësisht në mënyrë elektronike. U shpjegua se gjatë regjistrimit të sistemit, qytetarët do të kenë mundësi të zgjedhin një nga tri nivelet e ofruara, të cilat ofrojnë edhe shkallën e ndryshme të privilegjeve që mund të përdoren. Niveli themelor ofron informacione më bazike, ndërsa nivelin e tretë do të mund ta përdorin personat të cilët kanë nënshkrim elektronik dhe do të mundësojë realizimin e tërësishëm të shërbimit në mënyrë elektronike. U paralajmërua se në fazën e ardhshme, ky sistem do të avancohet edhe me shërbime për komunitetin e biznesit.





## ИДНИНАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ Е ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ШТО ПОГОЛЕМ БРОЈ ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

-„ Локалните власти покажуваат континуиран напредок во транспарентното работење. Некои општини досега постигнале поголем успех, некои помал, но сите се залагаат што повеќе да ги информираат своите граѓани за активностите што ги реализираат и за постигнатите резултати. Впрочем, тоа го покажува и истражувањето, преку Индексот на отвореност, каде во 2017 година регионалното ниво на отвореност на локалната самоуправа било 31 процент, а во 2018 година се зголемило на 36 проценти. Сметам дека една од причините за недоволниот број на отворени податоци на веб порталите на општините, а особено кај помалите општини е недостатокот на административен кадар, поради финансиските предизвици со кои се соочуваат, а уште повеќе недостатокот на кадри од областа на информатичката технологија на пазарот на трудот. Но транспарентноста не се сведува само

## E ARDHMJA E PUNËS TRANSPARENTE TË PUSHTETIT LOKAL ËSHTË NË SIGURIMIN E NUMRIT SA MË TË MADH TË SHËRBIMEVE ELEKTRONIKE PËR QYTETARËT

- "Autoritetet lokale tregojnë progres të vazhdueshëm në punën transparente. Disa komuna deri më tani kanë arritur sukses më të madh, disa sukses më të vogël, por të gjitha përpiqen që sa më shumë t'i informojnë qytetarët e tyre për aktivitetet që i realizojnë dhe për rezultatet e arritura. Në fakt, këtë e tregon edhe hulumtimi përmes Indeksit të transparencës ku në vitin 2017, niveli rajonal i transparencës së vetëqeverisjes lokale ka qenë 31 për qind, ndërsa në vitin 2018 ai është rritur në 38 për qind. Konsideroj se një nga arsyet për numrin e pamjaftueshëm të të dhënave të hapura në faqet e internetit të komunave, e sidomos te komunat më të vogla, është mungesa e kuadrove administrative, për shkak të sfidave financiare me të cilat ballafaqohen, por edhe më shumë për shkak të mungesës së kuadrove të sferës së teknologjisë informatike në tregun e punës. Por, transparenca nuk ka të bëjë vetëm me faqet




за веб порталите, напротив, општините користат низа алатки за транспарентно работење во насока на информирање на граѓаните, преку организирање на собири, форуми, отворени денови и други бројни алатки кои се насочени кон обезбедување на поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуки од локално значење. Ова го истакна извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, на меѓународната конференција „Е-општество: Отворени институции и отчетност" што се одржа на 28 ноември, 2018 година во Скопје, во организација на фондацијата „Метаморфозис".

Во своето обраќање Душица Перишиќ посочи дека иднината на транспарентното, отчетно, отворено работење на локалната власт ја гледа во обезбедувањето на што поголем број електронски услуги за граѓаните. Во таа насока, таа истакна дека ЗЕЛС веќе има обезбедено повеќе информациски системи што ги користат сите општини (електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk; софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk; софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари и други. Сите овие ги одржува ЗЕЛС и истовремено обезбедува поддршка за нивно непречено користење. На тој начин се зголемува транспарентноста во работењето, се стеснува просторот за коруптивни дејства на администрацијата, граѓанинот може да биде информиран каде се наоѓа неговиот предмет во постапката во секој момент, се штеди на материјали, а пристапот до нив може да биде од кое било место на светот. Беше посочено дека ЗЕЛС обезбедува поддршка за јакнење на капацитетите на општинската администрација, па минатата година беа организирани обуки за транспарентно работење за лицата за односи со јавноста, а ЗЕЛС работи и на одржливоста на граѓанската алатка „Форуми во заедницата".

Според истражувањето на фондацијата „Метаморфозис" преку Индексот на отвореност, како алатка на проектот ACTION SEE, финансиран од Европската Унија, општините во нашата земја варираат од минимално ниско ниво на исполнување на индикаторите на отвореност, до највисоко рангирање од 52% - што го достигнала Општина Струмица. Во таа насока, секретарот на општината, Александар Оџаков, посочи дека локалната власт се грижи за секојдневно ажурирање на општинската страна со сите потребни информации за граѓаните, а се пласираат и што поголем број на отворени податоци. На неа се поставени интерактивни електронски алатка каде граѓаните може да изнесат предлози и забелешки, прашања и да добијат брз одговор. Лицата за слободен пристап до информации редовно ги вршат активностите, во согласност со законот; се организираат бројни јавни собири, а

e internetit, përkundrazi, komunat përdorin një sërë mjetesh për punë transparente në drejtim të informimit të qytetarëve, përmes organizimit të tubimeve, forumeve, ditëve të hapura dhe mjete të tjera të shumta të cilat kanë për qëllim sigurimin e përfshirjes më të madhe të qytetarëve në marrjen e vendimeve të rëndësisë lokale. Këtë e theksoi drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq në konferencën ndërkombëtare "E-shoqëri: Institucione të hapura dhe llogaridhënie" që u mbajt më 28 nëntor 2019 në Shkup, në organizim të Fondacionit "Metamorfozis".

Në fjalimin e saj, Dushica Perishiq theksoi se të ardhmen e punës transparente, të përgjegjshme, të hapur të pushtetit lokal e sheh në sigurimin e numrit sa më të madh të shërbimeve elektronike për qytetarët. Në këtë drejtim, ajo theksoi se BNJVL-ja tashmë ka siguruar më shumë sisteme të informacioneve që i përdorin të gjitha komunat (platforma elektronike për tokë ndërtimore www.gradezno-zemjiste.mk; softueri për lëshimin elektronik të lejeve të ndërtimeve www.gradezna-dozvola.mk; vegla softuerike www.e-stvari.mk për ankand elektronik publik për zbatimin e procedurës për shitje dhe dhënie me qira të sendeve të luajtshme dhe të paluajtshme etj.). Të gjitha këto i mirëmban BNJVL-ja dhe njëkohësisht siguron mbështetje për përdorimin e tyre të pandërprerë. Në këtë mënyrë rritet transparenca e punës, ngushtohet hapësira për veprime korruptive të administratës, qytetari mund të informohet se ku gjendet lënda e tij në procedurë në çdo moment, bëhen kursime për materiale, ndërsa në to mund të qaset nga cilido vend në botë. U theksua se BNJVL-ja siguron mbështetje për forcimin e kapaciteteve të administratës komunale, kështu që vitin e kaluar u organizuan trajnime për punë transparente për personat për marrëdhënie me opinionin, ndërsa BNJVL-ja punon edhe në mirëmbajtjen e veglës së qytetarëve "forumet në bashkësi".

Sipas hulumtimit të Fondacionit "Metamorfozis" përmes Indeksit të transparencës, si vegël e projektit ACTION SEE të financuar nga Bashkimi Evropian, komunat në vendin tonë lëvizen nga niveli i ulët minimal i përmbushjes së indikatorëve të transparencës deri te rangu më i lartë prej 52% që e ka arritur Komuna e Strumicës. Në këtë drejtim, sekretari i komunës, Alekandar Oxhakov theksoi se pushteti lokal kujdeset për azhurnimin e çdoditshëm të faqes së internetit të komunës me të gjitha informacionet e nevojshme për qytetarët, ndërsa publikohen edhe shumë të dhëna të hapura. Në të janë vendosur vegla interaktive elektronike ku qytetarët mund të japin propozime, vërejtje, pyetje dhe të marrin përgjigje të shpejtë. Personat për qasje të lirë deri te informacionet kryejnë rregullisht aktivitetet në përputhje me ligj; organizohen tubime të shumta publike, e sidomos përdoren "forumet

особено се користат „буџетските форуми во заедницата" во насока на зголемување на граѓанското учество во донесувањето на локалните одлуки. Градоначалникот има „отворени денови"; седниците на Советот се јавни; се објавуваат одлуките во Службениот гласник; се работи интензивно со месните заедници, каде непосредно секој граѓанин може да се информира за она што е во доменот на неговото интересирање. Оџаков ја претстави и публикацијата „Водич низ услугите и постапките на Општина Струмица" чија електронска форма е поставена на веб порталот на општината. Водичот е одлично прифатен од граѓаните, бидејќи обезбедува важни информации за граѓаните за полесно и поефикасно аплицирање и добивање на сите услуги од локалната власт.

На конференцијата имаше гости од земјите од регионот. Претставничката од Општина Приштина (Косово) ги презентираше активностите што локалната власт ги презема за обезбедување на поголема транспарентност кон граѓаните. Таа посочи на трите електронски платформи преку кои граѓаните се информираат и активно учествуваат со свои мислења предлози и барања, а преку кои општината обезбедува значително зголемување на довербата кај граѓаните. Претставник од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) пред присутните ги презентираше резултатите од истражувањето за довербата на граѓаните во локалната власт, за минатата година.

buxhetore në bashkësi" në drejtim të rritjes së pjesëmarrjes së qytetarëve në marrjen e vendimeve lokale. Kryetari i komunës ka "ditë të hapura"; seancat e Këshillit janë publike; vendimet publikohen në gazetën zyrtare; punohet në mënyrë intensive me bashkësitë vendore ku drejtpërdrejt çdo qytetar mund të informohet për atë që është në domenin e interesimit të tij. Oxhakov prezantoi edhe publikimin "Udhëzuesi nëpër shërbimet dhe procedurat e Komunës së Strumicës", forma elektronike e të cilit është vendosur në faqen e internetit të komunës. Udhëzuesi është pranuar mirë nga qytetarët, sepse jep informacione të rëndësishme për qytetarët për aplikim më të lehtë dhe më efikas dhe marrje të të gjitha informacioneve nga pushteti lokal.

Në konferencë pati mysafirë nga vendet e rajonit. Përfaqësuesja e Komunës së Prishtinës (Kosovë) prezantoi aktivitetet që i ndërmerr pushteti lokal për sigurimin e transparencës më të madhe ndaj qytetarëve. Ajo theksoi tri platformat elektronike, përmes të cilave qytetarët informohen dhe marrin pjesë në mënyrë aktive me mendime, propozime dhe kërkesa të tyre, e përmes të cilave komuna siguron rritje të konsiderueshme të besimit te qytetarët. Përfaqësues nga Programi për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) prezantoi para të pranishmëve rezultatet e hulumtimit për besimin e qytetarëve në pushtetin lokal për vitin e kaluar.

## "10 ОСНОВНИ ПРИДОБИВКИ ОД ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ"

- ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ
- НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ И СОЗДАВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
- ПРИДОНЕС КОН ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА
- НЕПРЕЧЕНА МОБИЛНОСТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ
- ПОЕФИКАСНО КОРИСТЕЊЕ НА ОГРАНИЧЕНИ РЕСУРСИ
- ОСВОЈУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОДДРШКА
- ПОДГОТОВКА НА ПОДОБРИ ПЛАНОВИ - НАСОЧЕНИ КОН ЛУЃЕТО
- ЕФЕКТИВНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА ОБВРСКА
- КОРИСТЕЊЕ НА СИНЕРГИЈА, ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА
- СОЗДАВАЊЕ НОВА КУЛТУРА ЗА МОБИЛНОСТ

## "10 PËRFITIME THEMELORE TË MOBILIZIMIT TË QËNDRUESHËM URBAN"

- PËRMIRËSIM TË CILËSISË SË JETËS
- ZVOGLIM TË SHPENZIMEVE DHE ZHVILLIM EKONOMIK
- PËRFITIME PËR SHËNDET DHE MJEDISIN JETSOR MË TË MIRË
- MOBILIZIM TË PANDËRPRERË DHE PËRMIRËSIM TË QASJES
- PËRDORIM MË EFIKAS TË BURIMEVE TË KUFIZUARA
- FITIM TË PËRKRAHJES PUBLIKE
- PËRGATITJE TË PLANEVE MË TË MIRA – TË ORIENTUAR DREJT NJERËZVE
- ZBATIM EFEKTIV TË KOMPETENCAVE LIGJORE
- PËRDORIM TË SINERGJISË, RRITJE TË RËNDËSISË
- KRIJIM TË KULTURËS SË RE PËR MOBILIZIM

Повеќе информации можете да најдете на страницата на ЗЕЛС:

Informacione plotësuese mund të gjenden në ueb faqen zyrtare të BNJVL-së:

**www.zels.org.mk**

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk